СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-2713/52
27.04.2023 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на 26-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес 27.04.2023 година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 26-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

На седницата присуствуваат 14 советници. 4 советници ќе ни се приклучат преку онлајн пристап. Тоа се: советникот Перо Николов, советникот Диме Коцевски, советничката Ружица Ристов и советничката Даниела Ивановска. Советникот Ристе Сакалиев се слушнавме пред седница ќе ни се приклучи за многу кратко.

Констатирам дека има кворум за работаи Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникод 25-тата седница на Советот на Општина Кавадарци одржан на ден05.04.2023 година;

Дали има забелешки по Записникот на25-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 25-та Седница на Советот на Општина Кавадарци со гласање. Едногласно усвоена.Пере. За. Диме. За. Ружица. Даниела.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 25-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред и тоа:

1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година (Прв квартал);
2. Предлог- измена и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;
3. Предлог-Одлука за превземање на основачките права и обврски на ученички дом „Крсте Петков Мисирков,, Кавадарци;
4. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програма за комунални дејности за 2023 година;

5. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програма за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година;
6. Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт Детален Урбанистички План за ДУП УЕ 14 блок.6 и блок 14.7 Силекс згради, КО ваташа, КО Кавадарци – град, Општина Кавадарци;
7. Предлог-Одлука за исправка на техничка грешка на ДУП за УЕ„Лазо Асијата„ плански период 2001-2006;
8. Предлог-Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на дол на КП.бр.16093 КО Кавадарци, град Кавадарци, Општина Кавадарци;
9. Предлог-Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас и регулација на „Дабнишка река„ и нејзините притоки во опфатот на с.Дабниште, Општина Кавадарци;
10. Предлог-Одлука за ослободување од надоместок за уредување на градежно земјиште за спортска сала с.Возарци;
11. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за распределба на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година (за спорт);
12. Предлог-Одлука за откажување од корисничко право на недвижна ствар на КО Кавадарци;
13. Предлог-Одлука за субвенционирање на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
14. Предлог-Одлука за судско порамнување предмет П1.бр.11/23 ;
15. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.7/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;
16. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр. 54/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;
17. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр. 9/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;
18. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр. 6/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;
19. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци;
20. Предлог-Одлука за примање на движни ствари од Агенција за одземен имот и давање на трајно користење - без надомест на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

21. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година за доделување на парична награда на ученици и ментори од основни и средни општински училишта во Општина Кавадарци за посебни постигнувања на државни и мегународни натпревари;
22. Предлог-Правилник за доделување на парична награда за ученици и ментори од основни и средни општински училишта во Општина кавадарци за посебни постигнувања на државни и мегународни натпревари;
23. Предлог-Одлука за давање на времено користење без надомест ствари на „Храна за сите-Банка за храна Македонија -Скопје , за потребите наЗГ „ ЕКО –ЖИВОТ„ Кавадарци за реализација на Проектот„НУЛА ГЛАД ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ„;
24. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за прифаќање на предлогот за воспостапување на мегуопштинска соработка со Општина Росоман;
25. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година (карневалска група);
26. Предлог-Одлука за примање донација детски реквизити од ДУПОП „ПАКОМАК„ Скопје;
27. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
28. Годишен Извештај за животна срединаза 2023 година;
29. Годишен Извештај за управување со отпад за 2023 година;
30. Предлог-План и Програма за изменување и дополнување на Планот и Програмата за еднакви можности на Општина Кавадарци за 2023 година;
31. Предлог-Одлука за давање согласност за потпишување на Европска Повелба за родова рамноправност на жените и мажите во локалната заедница;
32. Годишен План за вработување за 2024година наСОУ Гимназија „Добри Даскалов„ Кавадарци, донесен од директорот на наСОУ Гимназија „Добри Даскалов„ Кавадарци ;
33. Измена на Годишен План за вработување за 2023 година на ООУ „Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци, донесен од директорот на ООУ „Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;
34. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на единечна цена на билет за општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен Одбор на Јавно

претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци ;
35.Извештај за спроведување на постапка за избор на идејно решение за подигање на спомен обележје - архитектонско дело од монтажен тип;
36.Извештај за спроведување на постапка за избор на идејно решение за подигање на спомен обележје - Подигање на 12 бисти посветени на Ваташките Младинци;
37.Одлука за утврдување на цени (надомест) за дадени услуги на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш –Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш –Кавадарци;
38.Одлука за утврдување на цени (надомест) за дадени услуги на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш -Кавадарци - ДООЕЛ Градска Винотека, донесена од Управен одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш –Кавадарци;
39.Одлука за определување на паркинг места за хуманитарни и еколошки цели, донесена од Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
40.Одлука за враќање на движна ствар на на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
41.Одлука за давање на времено користење на движна ствар на ЈП Паркинг Кавадарци Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
42.Годишна сметка на АД ГФК „Тиквеш 1930„ Кавадарци;
43.Годишна сметка на АД ГРК „Тиквеш „ Кавадарци
Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :
- Предлог-Одлука за примање на донација – метална одбојна ограда и столови за поставување на еластична ограда од Јавно претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија
Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневниот ред .Кој е за.
Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се надополни со точка 44. Тоа е:
- Предлог-Одлука за примање на донација – метална одбојна ограда и столови за поставување на еластична ограда од Јавно претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија
Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Предлог-Одлука за примање на донација – техничка документација за ДУП УЕ Лазо Асијата од  Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци.
Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Едногласно.
Согласно член 59 став 1 алинеја 3  од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :
-Предлог-Решение за разрешување на  член во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин" Кавадарци.
Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за.
Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 46.
Согласно член 59 став 1 алинеја 3  од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :
Предлог-Одлука за одредување на приоритетен проект "Изработка на основен проект за изградба на спортско рекреативен обејкт во склоп на спортско рекреативен центар "Јасмин" - Кавадарци"
Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на вака изменетиот дневен ред .Кој е за.
Констатирам дека предложената точка од   денешниот Дневен ред.
Согласно член 59 став 1 алинеја 3  од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :
Годишен План за вработување за 2024 година на СОУ „Киро Спанџов Брко„ Кавадарци, донесен од директорот на на СОУ „Киро Спанџов Брко„ Кавадарци,Кавадарци
Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на предложениот дневен ред .Кој е за. Едногласно    усвоена.
Согласно член 59 став 1 алинеја 3  од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :
Предлог-Одлука за одобрување за спроведување на постапка и склучување на договор за лизинг со арх.бр.02-643/4, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ на седница одржана на ден 25.04.2023 година
Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за.   13 за. 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се надополни со точка 49.
Дали има и други предлози за измена и дополнување на досегашниот вака изменет дневен ред. Повели советникот Јован Златевски.
СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Предлагам да се дополне Дневниот ред со: Донесување на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во село Бохула, с. Чемерско, с. Крњево, с. Горна Бошава, Долна Бошава, Бојанчиште, Конопиште, Куманичево, Страгово, Мрежичко и месноста викана Мушов Гроб. Со тоа што после член 3, да се ставе нов член 3 А кој ќе гласе: Општина Кавадарци ќе врши покривање на трошоците на физичките лица од член 3, став 1 на оваа одлука за собирање и транспортирање на комунален отпад. ЈП Комуналец Кавадарци секој месец да доставува извештај за бројот на корисниците на услугите од член 1 па оваа одлука, како и износот па средства кои ги прибира од Буџетот на Општина Кавадарци до Сектор за финансиски прашања. Месечниот износ ќе претставува основа за исплата на побарувањата за услугата собирање и транспортирање на комунален отпад во отпадот од страна на ЈП Комуналец Кавадарци спрема Општина Кавадарци. Ви благодарам.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Дали некој бара збор. Повели Весна Ѓорѓиева.
СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Добарден. Почитуван Градоначалник, почитувани колеги советници, Претседател, почитувана јавност. Во врска со предлогот на колегата Јован Златевски советничката група на ВМРО ДПМНЕ во целост ја прифаќа и ја подржува инцијативата за ослободување од плаќање на физичките лица за комуналниот отпад. Ова сето се прави со цел за да, знаеме дека сите села во Поткожувјето, во планината Кожув селата со закон заштитени со посебен закон во руралните средини, затоа во делот на ослободувањето се пристапува поради заштита на животната средина ради тоа што да не се прават диви депонии со цел да се задржи животната средина во својот природен состав. Исто така Комуналното Претпријатие редовно ќе ја врши својата услуга, односно ќе го собира целокупниот отпад и за тоа нема да фактурира на физичките лица, туку фактурата ќе се упатува до Општина Кавадарци, каде што Општина Кавадарци ќе го врши плаќањето, односно ќе ги покрива трошоците што ќе ги прави ЈП. Се со цел за да се заштити животната средина на луѓето и да му се помогне на тие физички лица кои што

живеат таму. Исто така со оваа одлука не се ослободуваат правните лица, заради тоа што правните лица ќе си ги плаќаат своите обврски.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитуван Претседателе, Градоначалник, колеги советници и останати. Ова е за поздравување, само имам јас малку поразлично размислување во делот каде што колешката нагласи за правни лица тоа да не важи. Горе во тој руралниот дел кај што имаме површина поголема, најголема во цела Македонија, многу малку фирми имаме и тоа се фирми што имаат некое земјоделие или некоја стока што се малку профитабилни, или фирми каде што треба да се субвенционира. Имаме две фабрики за вода и друго скоро ништо. И двете фабрики за вода се моќни и треба да ги ослободиме, затоа што тие пак даваат донација повеќе од што треба. Значи исклучок правиме само за две фирми големи што може да прават профит. Во ова тешко време питање е дали и тие прават профит. Дај да одиме редум за сите, да ги морализираме луѓето да регистрираат земјоделски задруги, сточарски. Сточниот фонд ни е паднат на 0 и денешното време не дава да бидиш поединец, земјоделец ти бара регистрација, ти бара фирма, проблем е. Ова не го зборам на памет, ги контактирам луѓето и ги оптоваруваме луѓето да мора да регистрираат фирма и сега ние ако земиме уште плус 500 евра од две фирми, три, тоа се 0 пари. Ако Бохула има 100 викендици по 50 евра, тие 500 евра излегуваат од таму. Ајде да одиме за сите, да видиме дали ќе морализираме некој да регистрира фирма, здружение, пчеларник, сточен фонд нешто такво. Значи не се проблем толку пари, малку да одиме фирмите 1551. Така сакам предлогот на Јован да важе за сите.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Филип Тасев процедурално, па Филип Тасев.
СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Претседателе процедурално значи имаме предлог дополнување на дневниот ред од страна на колегата Јован Златевски. Предлагам точката како што е предложена да ја ставиме на дневен ред, а после тоа да дискутираме по однос на точката. Сепак дали ќе се прифане или нема да се прифане дополнувањето, да не се расплинува дополнувањето, да се дискутира после.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани советници, почитуван Претседател, почитувани гледачи. Оваа точка неколку пати ја дискутиравме во делот на Поткожувјето и селата кои што гравитираат таму и се

усогласивме на некој начин да најдиме правен момент како би се ослободиле физичките лица од плаќање на обврската во делот на износ на комунален отпад и мислам дека во делот на рурални средини и развојот на руралните средини и заштитата во делот на екологијата и самата животна средина во тие села дека е приоритет, поготово што и самите знаеме дека таму е и извориштето на Лукар и сите други благодети кои што ги имаме. По однос на советникот Ристо Сакалиев кој што кажа правните лица да ги вклучиме во ослободувањето, јас би дал тука една мала забелешка. Се согласувам во делот на индивидуалните земјоделци и мали правни субјекти кои што, како што кажа советникот Сакалиев би развивале сточарство, не знам пчеларство, ете рибници или било кои работи кои што се од мал обем да бидат ставени со некаков ограничен лимит за да бидат ослободени, а за големите компании како што и сам кажа, има две фабрики за производство на вода, има две винарии, сега има и сериозна винарија изградено во Страгово, Горниково, на Тиквеш, има изградено неколку фотоцентрали, кои што треба да се наплаќа и за нив, така да мислам тие се од поголем карактер фирми и да останат да надоместокот си го плаќаат во делот на изнесувањето на комуналниот отпад. Значи да ставиме мали претпријатија и индивидуални земјоделци како стопанства кои што би развивале гранка. Не знам дали тоа би го ограничиле до некаков вкупен промет..Број на вработени не значи. На пример на фотоцентралата нема ниеден вработен, а прават профит или приход 3 000 000, така да надополните се во тој дел да бидат оние мали индивидуални и перспективни да бидат ослободени, а големите компании кои што прават голем обрт и функционират да останат во делот на наплатата.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Оваа работа ние ја зборувавме уште кога ја донесувавме да кажам одлуката за да се наплаќа во овие места односно во овие села во Поткожувјето, дека треба уште тогаш да ги ослободиме. Го правиме тоа со 7,8 месеци закаснување. Се согласувам и јас со ослободување, мислам дека треба претежно за физички лица, а во делот на правните лица да ставиме одредени критериуми, да имат одредени критериуми кои што ќе ја декларира како поголема компанија. Може да биде обрт годишен или може да биде број на вработени, над 20 вработени или обрт до одредена сума до која што ќе важи да кажам ослободувањето. Вкупен приход годишен на средства.

Тие два критериуми може да ги ставиме, се со цел да не ослободуваме
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Мислам Градоначаллникот во однос на идејата за вработени во самата компанија, се слагам со него дека една фирма може да биде со еден, двајца вработени, а да прават голем обрт.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи ставите и обрт на средства, ставите и број на вработени како два критериуми и готово.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи почитувани советници инцијативата на советникот Јован Златевски како што е договорено значи сите физички лица и правни лица со граница која што ќе ја одредиме, по однос на број на вработени и по однос на приход годишен од самата фирма го ставам на гласање.За дополнување на денешниот дневен ред. Едногласно. Пере.За. Симе. За. Ружица и Даниела. 17 за.
Предлогот од советникот Златевски е усвоен и истиот ќе се најде на денешната седница на Советот на Општина Кавадарци. Повели друг предлог има нашиот советник Круме Богевски.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседателе. Јас имам два предлога за дополнување на дневниот ред, со тоа што едниот беше најавен на медиумите и добив одговор од службите за дека во конкретниот случај нема законски правен основ и затоа нема да го ставам на гласање, мислам нема да ви го понудам за да го гласате, но би сакал да дадам мало објаснување заради тоа што веќе ми беше најавено на социјалните мрежи. Значи сакам да ве известам дека Политичката партија Левица во околу 40 општини каде што има свои советници кординирано достави иницијатива Советот да донесе одлука за ослободување или процентуално намалување на давачки и надомести кон општините за бранителите на Р. Македонија во воениот конфликт од 2001 година. Станува збор за ослободување од плаќање на месечни надомести за посетување на јавни установи, понатаму за ослободување од месечен надомест за топол оброк во Општина Кавадарци. Тоа е веќе една од мерките која што тековно се реализира и ослободување од плаќање на сите видови давачки кон Општина Кавадарци за оној дел кој што е на сметка на Општина Кавадарци. Ние ова го координиравме затоа што во петок, утре е годишнина од масакарот кај Вејце и заради тоа бевме мотивирани и нели заради тоа што одреден број на општини од Западна Македонија каде што Советот е доминантно со советници од Политичката партија ДУИ има ослободување и ние во знак на

реципроцитет сакавме да ги поднесиме овие инцијативи. Во Општина Сарај како пример ќе ја земам не само што имат ослободување на сите овие мерки што јас ги понудив, исто така имаат и ослободување на даноци кон поранешните војници на УЧК, значи на терористичката организација и ослободување на плаќање на сметки кон Јавното Комунално Претпријатие. Значи живееме во таква држава во која што една организација терористичка, нејзините припадници се ослободени од плаќање на надоместоци. Јас кога би поднел такво нешто во Општина Кавадарци прво од Јавното Комунално Претпријатие би ми скокнале, би ми кажале Зошто би ослободиле такво нешто. Замислете тоа се случува во државата во која што живеам. Како и да е. Продолжувам и со другата инцијатива која што Претседателе мислам дека ќе ја ставите на гласање. Втората инцијатива, тоа е инцијативата Советот на Општина Кавадарци да го задолжи Општинскиот Совет за безбедност во сообраќајот да изготви мислења за измена на сообраќајниот режим за улици со особен метеж во сообраќајот во Општина Кавадарци. Со оваа инцијатива Општина Кавадарци би изготвила соодветно задолжение до Општинскиот Совет за безбедност во сообраќајот, кој во соработка со ЈП Паркинг Кавадарци и Одделението за внатрешни работи Кавадарци при Секторот за внатрешни работи Велес би изготвиле мислења за измена на сообраќајниот режим на улици со особен метеж во градот, со особено внимание околу стопанските објекти кај улиците Ленинова, Браќа Миладинови, Тиквешко Востание, Страшо Пинџур, Гоце Делчев, 4-ти Јули и за улицата Мирче Ацев која со постоечко решение има еднонасочен, а постои реална можност за двонасочен режим на сообраќајот. Исто така ги замолив и службите да побараат присуство од Началничката на ОВР Кавадарци, почитуваната Благица Кицева, како дел од засегнатите надлежни лица во регулирање на безбедноста во сообраќајот на патиштата во Општина Кавадарци за време на расправата по оваа точка, односно при изготвувањето на овие задолженија во соработка со Советот за безбедност во сообраќајот во насока на подобрување на транспарентноста за донесување на трајни решенија за подобрување на безбедноста во сообраќајот и очекувам поддршка од вас за ставање на оваа точка на дневниот ред.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Значи со тоа што на едната инцијатива одговорено е од Советот на Општина Кавадарци, ќе пристапиме кон гласање

на втората инцијатива од советникот Круме, како што образложи. Кој е за изгласување на таа инцијатива за двонасочно регулирање на режимот во 5 улици беа наведени во неговото барање. Кој е за. Едногласно. Пере. За. Диме. За. Ружица. Даниела. Во ред. 17 за. Нека пишат ако не можат . На чатот нека пишат. Почитувани советници дали некој има друго барање, инцијатива на вака досегашниот изменет дневен ред. Бидејќи нема нови барања вака изменетиот дневен ред го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоен.

Значи пристапуваме кон реализација на денешниот дневен ред на седницата број 26.

1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година (Прв квартал);

Дали некој бара збор. Повели Веса Богева.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани колеги советници, почитувани присутни, почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник. Како прва точка на денешниот дневен ред го имаме Кварталниот извештај за извршување на буџетот за Општина Кавадарци за Прв Квартал 2023 година. Според овој извештај можеме да видиме дека Општина Кавадарци има остварено приходи во вкупен износ од 244 000 000 денари, во однос на планираните 1 168 000 000 денари или изразено во проценти 20, 9 %. Инаку по структура ситуацијата е ваква. Значи редовни буџетски приходи 17,74%, приходи од наменски дотации 24,83, приходи ос самофинансирачки активности 16%, приходи од донации 15,66 и приходи од кредити не се планирани и не се остварени. Анализата на овој Квартелен извештај ни го покажува следното. Кај даночните приходи имаме солидно оставрување на планираните приходи. Значи во проценти е 19,28 %. Значи на исто ниво како и просечниот процент на остварување на приходите, но кога би направиле анализа во структурата на даноците, кај приход на данок од доход имаме надпросечни остварувања 31,41% и тоа е солидно остварување и очекувано заради тоа што има зголемување на платите во јавниот и во приватниот сектор и има зголемување на процентот на издвојување на средствата од вкупниот износ на средства остварен по овој основ, значи што се префрлаат на локалните самоуправи и значи минатата година беше 3%, сега е 4%, а веќе наредната одина е 6%, така да овие приходи ќе растат во самата структура на вкупните приходи во локалните самоуправи, па така и во нашата Општина. Кај данокот на имот

имаме 9,5%. Значи мал е процентот, но е солиден со фактот што даночните решенија за 2023 година не се доставени, така што се очекува од овој приход да имаме приходи во наредните квартали, така што со овој приход ќе се доведе до зголемување на даночните приходи. И кај останатите приходи од даночни специфични услуги имаме исто така солидно остварување од 26%. Значи за првиот квартал оптимално е 25, тука имаме 26. Значи даночните приходи ни се позитивната страна на нашиот буџет, затоа што имаме солидно оставрување и очекуваме и во наредните квартали, заради тоа што овие приходи не зависат од сезонскиот карактер на кварталот, така да и во наредниот ребаланс, сега овој ребаланс што го имаме како втората точка немаме зголемување на даночните приходи, но се надевам и очекувам дека со следниот ќе имаме зголемување на овие даночни приходи, но кај неданочните приходи за разлика од даночните тоа се нашата лоша страна на буџетот и имаме многу слабо остварување 4,51% и кај неданочните приходи ги кажавме и минатата година и со донесувањето на овој буџет дека се тешко остварливи и на кој што треба да се насочиме во колкав процент ќе бидат остварени, но треба да имаме во предвид дека во апсолутен износ тоа се околу 200 000 000, 209 000 000 денари и процентот или износот што нема да го оствариме од овие приходи треба да го оствариме од другиизвори на средства што за да можеме да го имаме буџетот таков како што ни е планиран и да можеме да си ги покриеме нормално сите други расходи што се во рамките на овој буџет. Минатата година тоа го направивме со капиталните приходи, значи остваривме повеќе капитални приходи од првично планираните и на тој начин го реализиравме буџетот. Дали оваа година, овие приходи ќе ги надокнадиме од капиталните приходи или од некои други тоа ќе покаже времето во извештаиите од наредните квартали. Кај капиталните приходи сега остварување имаме 16,5% помало од просечниот. Вкупните приходи планирани како капитални се 74 000 000. Како износ не се нешто големи во однос на даночни, неданочни, но сепак се исто важни и посебно битни затоа што на некој начин може пак овие приходи ќе ја подобрат ситуацијата ако не успееме во делот на неданочни приходи. Кај трансфери и донации имаме солидно остварување од 27,43% и овие приходи ја подобруваат сликата на целиот буџет, затоа што се над просекот од остварување на приходите. Тука посебно сакам да истакнам дека приходите од трансфери на друго ниво на власта,

значи од централниот буџет што се реализират во нашиот буџет во делот на дотации за покривање на трошоци за плати и други трошоци на локалните институции кои се покриваат со средства од централниот буџет, остварувањето е оптимално, тоа е 25% и така треба да продолжи во наредните квартали, а исто така износот што го добиваме по основ на ДДВ, централниот буџет што ги доставува до сите локални самоуправи е 30%, значи натпросечни и над оптималниот 25% и тоа исто така беше очекувано и кога зборував за буџетот кажав дека кај ДДВ-то ќе имаме поголеми приходи. Тоа се покажа еве и со првиот квартал, а и со следната точка и во ребалансот, веќе и со првиот ребаланс ги зголемуваме срдствата по овој основ што е позитивно и за поздравување, што имаме како Локална Самоуправа дополнителни средства за трошење во нашиот буџет. Во делот на самофинансирање значи имаме 16 000 000 планирани, а остварени 3 264 000 денари. Значи тоа се некаде околу 19%. Не се извинувам. Значи во самофинансирање се планирани 50 000 000, а остварени се само 8 000 000. Тоа се 16%. Значи овие приходи од самофинансирање се од локалните институции што остваруваат сопствени приходи. Процентот е мал на остварување. Исто така не се очекува дека би бил подобар во нареден период, во наредните квартали, а веќе со овој ребаланс што е предложен на денешната седница како втора точка имаме дури и зголемување на приходите по овој основ. Јас направив една анализа на приходите по одделни институции или сектори. Значи од 50 000 000 денари што се планирани како самофинансирање 35 600 000 денари се планирани од Детската градинка. Кај детската градинка имаме остварување 13%. Потоа следуват средните училишта, средното образование каде што се планирани 9,6 000 000 имаме 11% остварување. Кај основните училишта имаме планирано 2,7 000 000, 7%. Домот на културата е со најмал износ 1 320 000 и таму имаме најубаво остварување 21%. Ги посочив затоа што претходно зборував дека институциите навистина треба да вложат повеќе во точно планирање или приближно точно планирање на овие приходи, затоа што на крајот на годината ако имаме остварување 70, 80% е нереално, мислам не е добро за да видиме кои се причините за неостварување на овие приходи и можеби како износ 50 000 000 не е нешто што значи во вкупниот буџет, но секоја институција посебно, бидејќи се работи за помали буџети во рамките на секоја институција и тие приходи им значат и секој треба од институцијата да се насочи на

точно планирање и остварување на истите или тие доколку не се остварат да се видат причините зошто не се остваруваат. Значи тоа е во делот на приходите. Во делот на расходите, трошењето на средствата значи кај платите и надоместоците тука значи не можеме да калкулираме. Платите мора редовно да се исплаќаат, да се плаќаат надоместоците и заради тоа имаме 25% остварено. Тоа е оптимално. Исто така и вкупното остварување е околу 20%. Значи кај субвенции, трансфери, социјални бенефиции и тука имаме приближно 20%. Е сега бидејќи ни се остварени 20% приходи значи кај стоки и услуги и кај капитални расходи имаме помало остварување по 14%. Во наредниот период, значи наредните квартали ако одиме со вакво исполнување на буџетот, кај платите секако нема да имаме промени. Тие мора да се исплаќат. Исто е и кај субвенциите и трансферите значи ќе биде полемиката дали ќе се троши повеќе за стоки и услуги или за капитални расходи. Да се надеваме дека буџетот ќе биде во поголем износ исполет па така да капиталните расходи нема да трпат , ќе се трошат средства за капитални инвестиции, што значи квалитет за еден буџет и за работењето на една Локална Самоуправа. И на крајот сакам да ги спомнам обврските на Општина Кавадарци. Значи со завршната сметка Општина Кавадарци заврши со 8 000 000 обврски, доспеани над 60 дена. Сега од извештајот можеме да видиме дека во јануари е 1 000 000 денари, февруари 14 000 000, март завршуваме со 15 955 000. Очекувам и се надевам дека со овој ребаланс бидејќи ќе се гледа дека овие средства Општината ќе си ги подмири овие доспеани обврски во овој месец или наредниот , а колку ќе има нови доспеани обврски ќе видиме со наредниот квартал. Ќе ја следиме состојбата и ќе апелираме на редовно подмирување на обврските во Општина Кавадарци.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги советници, Претседател на Совет, Градоначалник, медиуми, граѓани на Општина Кавадарци. Јас би имал една дискусија споена бидејќи сметам дека првите две точки се да кажам заемно поврзани, заради тоа што имаме квартален извештај на буџет, имаме ребаланс на буџет, поврзан на некој начин со кварталниот извештај. Во однос на реализацијата на приходите најголема и најдобра реализација имаме кај дотациите кои што Општината ги добива од страна на централната власт, а кои што се однесуваат на исплата на плати онаму каде што Општината и централната власт имаат преклопена надлежност, односно културни

институции, училишта, детски градинки и слично и тука реализацијата на буџетот изнесува 25% за првиот квартал што е добро остварување. Исто така во делот на приходите кои што Општината ги остварува во делот на дотации од страна на централна власт во делот на данокот за додадена вредност, односно со промена на процентот на поврат на ДДВ, односно дотацијата која што ја дава Општината имаме повисоко оставрување на овие приходи и со тоа на некој начин се јакне финансискиот капацитет на општините да реализираат сопствени проекти. Од друга страна она што претставува изворни приходи кои што треба да ги собира Општината, имаме вкупно, кога ќе ги земиме тековно оперативните приходи кои што се на буџетот на Општина Кавадарци исполнетоста е околу 17% и на самофинансирачките изнесува околу 16% што е за дел послаба да кажам реализација. И минатата година зборувавме значи најголемо потфрлање кога ги гледате приходите имаме кај претприемачкиот приход. Минатата година мислам дека не реализиравме ништо од страна на овие приходи. Ова се приходи кои што Општината треба да ги остварува од страна на да кажам јавните претпријатија кои што треба доколку остварат да кажам вишок на средства да трансферираат одредени приходи до Општината имајќи ја предвид состојбата која што ја имаме во јавните претпријатија. Сметам дека таква можност оваа година мислам дека нема да има и мислам дека со самото тоа што е предложен ребалансот мислам дека не треба да се лажеме самите себеси и треба да се тргнат овие 143 000 000 денари кои што мислам дека е невозможно да се реализират. Во однос на трошоците би сакал да споменам ако капиталните инвестиции на Општината ни изнесуваат некаде околу 220, 230 000 000 денари кога ќе го споредиме со финансиските средства кои што Општината ги троши во делот на плати, во делот на привремени вработувања. Во делот на привремени вработувања имаме 30 000 000 денари за привремени вработувања, а платите на вработените само во општинската администрација изнесуваат некаде околу 78 000 000 денари. Значи кога ќе направиме споредба, соодносот само на овие две ставки со капитални расходи излегува 2:1. Ако ги ставиме и другите тековни трошоци кои што ги реализира Општината ќе видиме дека од развоен аспект и од развојна компонента на буџетот сметам дека пред се најголем дел од финансиските средства ги трошиме за плати, за тековни трошоци што не е добро. Ако навлеземе пак во капиталните

расходи и ја видиме суштината на капиталните расходи или која е таму во најголем дел се сведува на реконструкција на улички, тротоари. Значи сакам да кажам ситни работи кои што ги работи Општината. Во делот на долгот врз основа на извештајот К2 ако го споредиме на пример од лани имаме намалување н оние што се тековни обврски кои што Општината ги има сперма компаниите кои што работат, меѓутоа доколку го погледниме К3 извештајот таму ќе видиме нов кредит, затоа е лизингот кој што е за набавката на автобуси, тука ситуацијата и не ни е баш така сјајна, плус имаме пред две седници мислам имавме нова одлука за лизинг од 15 000 000, сега истата ни ја даваат , само со зголемен износ на 22 500 000, така да во овој дел ако на едно место ги намалуваме обврските да ги зголемуваме така да состојбата не е нешто драстично подобрена во однос на да кажам минатата година. Во делот на ребалансот сакам да спомнам дека таму се прават некои ситни да кажам корекции во однос на ребалансот на буџетот и мислам дека не е добро за едно добро финансиско планирање да после 3,4 месеци поатојано правиме одредени ребаланси на буџетот. Она што сакам да го спомнам во делот на ребалансот на буџетот е дека многу пати сме го разговарале во однос на оноа што е ветено од страна на изборната кампања, што е во ингеренција на Општината и на Локалната власт и кога ќе видите кои проекти се во ингеренција и може локалната власт директно да кажам реализира и спроведе ќе видите дека таму мал дел од проектите кои што Градоначалникот и ВМРО ДПМНЕ ги има ветено се во ингеренција на Општината да бидат истите реализирани, значи едноставно список на желби кои што сте им го ветиле да кажам на граѓаните. Е сега во овој ребаланс на буџет една од да кажам мерките или проектите кои што ги кажувале како клучни капитални инвестиции и тоа беше мислам најударната во предизборната кампања, тоа е мерката за бесплатен оброк на учениците. Во однос на бесплатниот оброк на секој ученик од 1-5 оддеение, тоа е еден од ретките проекти за кои да кажам имате ингеренција, за другите сте ги лажеле на некој начин граѓаните. Е сега од изборната програма ваша пишува вака Бесплатен оброк за секој ученик од 1-5 одделение, обезбедување на бесплатен оброк на сите ученици од 1-5 одделение. Со тоа околу 1800 ученици ќе добиваат по еден здрав оброк на ден со специјално мени приготвено од нутриционист. Целата програма сте ја процениле на 50 000 000 денара, односно целиот проект дневно

би требало да изнесува за еден ученик околу 150, 160 денара. Сега одете и во ребалансот го ставате моментот на пилот проект да кажам кој што штреба да почне да се реализира сега и кој што треба на децата не здрав оброк туку да им обезбеди банички, јогурти, такви работи. Врз основа на правилник кој што го најдов од страна на МОН вели вака: Правилник за стандардите за исхрана и оброците во основните училишта и пишува вака: Со стандардите за исхрана и оброците во основните училишта се врши превенција на неправилна исхрана кај децата во сите форми потхранетост дефицитна микронутриенти, гојазност и други хронични заболувања, поврзани со исхраната и тука дава одредени препораки, кои на пример таква каква храна која што се однесува на житарки, овошје, зеленчук, риби и такви работи кои што ги сместува во делот на она што претставува здрава исхрана и на крајот стои во последниот член од тој правилник стои: Храна која што треба да се избегнува или да се конзумира ретко 2 пати месечно и во мали количини во оброците на учениците Пекарски и слаткарски производи, индустриски десерти, газирани и негазирани слатки пијалоци, месни, крем чоколадни намази, тврди маргарини и сл. Да не ви ги читам сите. Ако го погледниме менито кое што го разговаравме пред некоја седница токму една од да кажам целото всушност мени кое што е предложено се сведува главно на банички, ѓевреци и такви работи кои што се препорачува да биде ограничено и кое што, јас не знам нутриционист кој што дава препораки и вели дека баничката е здрав оброк и здрава да кажам да кажам исхрана. Верувам дека со ова само се сака да се запази формата, а не суштината на она што било изборно ветување, а инаку изборното ветување беше да има здрав оброк кој што го прецениле на 150 денара, а не оброк дневно за дете од 60 денари. Сте им ветиле едно, на крајот децата наместо здрав оброк добиваат банички.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас прво сакам на советниците да се извинам пошто во 13 часот морам да заминам за Скопје, службено. Денеска имам неколку средби со две министерства и во Влада и мислам дека ќе дојдам со позитивни препораки во делот на неколку проекти кои што ќе ги образложиме другата недела, кои што веќе начелно ни се одобрени од Влада како проекти. Ребалансот е интересна работа. Буџетот, кварталното остварување тука. Верувам дека ќе имате плодна дискусија понатаки во делот на другите точки. Само би сакал да надополнам неколку работи,

да укажам. Да точно е дека блок дотациите по основ на ДДВ се зголемени и тоа за првпат државата го праве зголемувањето од 4,5 на 6% ми се чине дека е по општини и по нивното учество во делот на некаков процент од самиот приход на општините, така да Општина Кавадарци е општина која што е економски развиена и мислам дека тука заслужуваме многу повеќе и треба да се бориме како општина да си вратиме повеќе од нашиот данок, од нашите компании кои што го остваруват на централно ниво. Ќе образложите понатаму, ќе ги видите значи капиталните објекти се ставени сега во ребалансот, трите спортски сали се отпочнуваат да се тендерираат, со отпочнува денеска е аукцијата и за градскиот базен кој што треба да го имаме при Агенцијата за млади и спорт, верувам дека ќе има избор, договор итн. за да се оствари и тоа ветување. И во ова што советникот кординаторот од СДСМ сега го наведи во делот, се потрудил да бара закони од Министерство, препораки од нутриционисти. Не заборавајте дека децата треба да јадат 3-4 пати дневно. Ние даваме оброк или ужинка еднаш дневно на детево, а нормално дека дома секое од семејството според можностите си се грижи детево да се храни со посоодветна храна и тоа добро е што си го читал и си го видел, али за тоа секое дете дома како што си ги има своите родители, си има ручек, вечера, доручек итн. Значи ние правиме за една ужинка каде што треба детето да го помине, затоа е од 1-5, да ги помине тие часови надвор од дома, во самото училиште и сме прва општина која што ќе го воведиме ова да биде комплетно бесплатно за сите дечиња. Од вторник еве нека биде ова, утре ќе го најавиме официјално. Компанијата е избрана. Договорот е склучен. Компанијата е Специјал Продукт од Скопје, со седиште во Кавадарци, седиште во Кавадарци мислам дека имат во Дрекслермајер, така да и тука имавте некои напукувања овој ќе бил, тој ќе бил, така да транспарентна постапка. Таа е компанијата. Храната за децата ќе биде соодветно третирана, спакувана. Утре ќе имаме правење на Правилник и Протокол за доставување на самата храна на дечињата и ќе видиме после недела, после две и задоволството и на децата и родителите и општото чувство од цела таа ситуација. Да кажувате дека треба риба да јадиме, тоа е насабајле, 8 саат риба да јадиш. Значи прочитај го Правилниот, па види убаво како што е. Не верувам дека некој сабајле во 8:39 јаде риба или јаде некои други работи. Секој знае што е доручек, што е ужинка, што е ручек,

што е вечера, така да мислам дека во тој дел грешиш, ама добро ако мислиш дека е само оправдување предизборно, не бегаме, тука сме. Јас немам намера да ги ставам луѓето ниту во заблуда, ниту досега некој сме ставиле во заблуда. Доколку преоектот ни биде неуспешен, незадоволни луѓето, а верувам дека вие нема да се потрудите да правите таква кампања да бидат незадоволни, пошто сепак се работе за деца, да не ги злоупотребуваме за политички цели, ќе ја видиме реалната ситуација од исходот на самите оброци, тука имаме и директор на ОУ присутен, кој што воедно е и ваш кадар, а тоа мене не ми значи ваш кадар, меѓутоа она е директор на ОУ каде што ќе биде објективна и објективно ќе ви ги пренесе информациите каква е храната и задоволството на самите деца. Општината се движи во прав правец. Имате доста точки за работа. Доколку позаглавите јас од 5.30 ќе бидам вратен така да може да продолжиме со работа. Ќе ме извините уште еднаш за што морам да го напуштам состанокот, али одам службено за продуктивни цели и за убави проекти кои што ќе бидат за граѓаните на Општина Кавадарци.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ќе си премота верувам Градоначалникот ако го интересира во делот на репликата. Никој не прави негативна кампања, само треба сите да бидиме одговорни кога зборуваме и ветуваме едно пред избори, а излегува на крај друга да кажам работа. Тука станува збор за здрав оброк. Така ви е наведено. Затоа и сумата е драстично повисока и поголема. Да не се лажиме сега. Изборите беа пред 1,5 година. Не помина многу време да се реферира и да на крајот се воведува нешто што е значително поминимално. Ви го споменав Правилникот. Значи во Правилникот вели дека тие оброци треба да се избегнуваат, а ние на децата ќе им ги даваме секој ден. Секој ден да јадат банички и да јадат гевреци. Мислам дека тоа не е во ред. Јас добро го прочитав Правилникот, не знам дали Градоначалникот добро го има истиот прочитано. Тоа е во делот на оброкот и во делот на вашето изборно ветување, а во делот на кадарот пошто гледам милува да вели наши, ваши значи во однос на тоа дали му смета или не гледам дека, односно знам дека направи еден куп на опструкции за да не биде направен реизбор, така да со самото тоа говоре дали на некој нешто му смета или не.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Во врска со опструкциите колега што ги правите за кадарот да ве потсетам дека на централно ниво

вашата комисија што требаше да полагаат за директори го поништи полагањето и сеуште нема распишано оглас за да полагаат за директори. Запрашајте се зошто. Вашите инструкции од централа се да не ги давате оставките ваши, да ги држите вашите места, а да кадрите, другите кадри, не ги напоменувам кои кадри, дали од ВМРО ДПМНЕ или од други кадри не може да полагаат за директори. Засрамете се во каква правна држава живееме и тука ми зборувате за некое право и за некои услови што се поставуваат .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи јас апсолутно се сложувам со советничката Весна Ѓорѓиева, бидејќи сум сведок на еден ВД Директор од актуаелно школо во Општина Кавадарци кој се судри со таков проблем, а проблемот и самата комисија за добивање на лиценца за директор е под централно ниво. Тука очигледно се прават некои опструкции кои за жал сметам дека имаат и друга позадина.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колешке вие не гледате што правите тука на локално ниво, ми зборувате дали бил откажан или не знам што. Гледате што правите тука на локално ниво и какви се притисоци и претставки и се правите за да оневозможите или да предомислите некој да се кандидира за директор и тогаш засрамите се и тогаш излезите и зборувајте тука и морализирајте.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Благодарам Претседателе. Почитувани колеги советници, почитувана јавност, почитувани медиуми, граѓани на Општина Кавадарци, останати присутни. Значи на денешната седница на дневен ред прва и втора точка имаме Квартален Извештај за извршување на буџетот на Општина Кавадарци и Предлог измена односно ребаланс на Буџетот на Општина Кавадарци. Се јавив за процедурално испровоциран од претходните две, три обраќања на колегата Вуко Мелов каде што беше дискутирано тука околу 15, 20 минути за оброк за сите деца во основни општински училишта и за нели опструкции и измени и промени на директори. Да се почитуваме меѓу себе, да го користиме времето рационално, да не ги држиме тука нели сите останати присутни и функционери и новинари, без потреба и без соодветна нели комуникација како што треба. Значи да бидиме продуктивни во интерес на и на времето и на граѓаните на Општина Кавадарци. Претседателе значи ќе ве замолам во иднина некои советник ако не се држи до точката на дневен ред веднаш да биде прекинат.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колега јас ве почитувам сите вас, бидејќи сите сте ми колеги и мислам дека лично со никој се немаме замерено. Незнам, верувам дека ја слушаше мојата прва дискусија, јас во мојата прва дискусија зборував за она што е точка на дневен ред и оноа што е материјалот. Банички е делот од ребалансот на буџетот. Реков дека ќе имам иста дискусија, излагање за двете што се поврзани. Можев јас и после пак да си испаднам да зборувам, меѓутоа мислам дека е попродуктивно да зборувам наеднаш, меѓутоа кога ќе испадне некој, сега ми велиш да се држиме на точка на дневен ред, јас не спомнав наши, ваши кадри, некој друг спомна. Дали ме разбираш. Значи не може ако некој не се држе до точка на дневен ред и не се реагира од страна на Претседател, после да не ми дозволите мене на истото да одговорам и да ми велиш дека јас го кршам Правилникот за реализација на Совет. Значи ако важат едни правила, треба да важат за сите исто. Ако некој крше деловник за работа тогаш опомени го и него.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Влегуваме во втора фаза каде што се исцрпи дискусијата по првата точка.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Да завршам. Само 10 секунди. Значи ако некој надвор од точка на дневен ред почнува да ми реплицира, морам и јас да му реплицирам, ме разбираш.
СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Колега мислам дека ме слушна кога кажав на крајот ако некој од колегите не дискутира по точките на дневен ред веднаш да биде прекинат. Значи не селектирам. Тоа важи за секоједен. Ова веќе стана пракса на секоја седница на Совет да се дискутира надвор од точки на дневен ред и ние тука значи часови губиме според мене без потреба, без продуктивност.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани јас ќе земам збор по оваа прва точка.
Почитувани советници, почитувана општинска администрацијо, почитувани граѓани на Општина Кавадарци. Околу првата точка на денешниот дневен ред за Кварталниот Извештај за остварување и извршување на буџетот на Општина Кавадарци јас сакам да изнесам еден податок, едно признание кое Општина Кавадарци и Градоначалникот г-динот Митко Јанчев го добија од реномираната УНДП во која членуваат 140 земји членки, кое е адресирано на 24.04.2023 година во кое се вели:
Во 2022 година УНДП спроведе темелно истражување и анализа на тема финансиско управување на локално ниво насочено кон

граѓаните, пристап заснован врз податоци на позитивни отстапувања. Во самото истражување беа опфатени 80 општини во Р. Македонија и Градот Скопје. Целта на самото истражување кое беше направено од страна на УНДП имаат за цел да се најдат позитивните примери за управување со финансиите на локално ниво, пред се насочено кон граѓаните и нивното учество. Анализата покажува позитивни примери во 10 општини, меѓу кои Општина Кавадарци е една од најдобрите кои имаат добро финансово работење, редовно сервисирање на превземените обврски, партиципативно буџетирање, родово сензитивно буџетирање, ниско задолжување, одлична комуникација со невладиниот сектор и бизнис секторот и високо ниво на реализација во буџетот. Ова е за 2022 година. Значи нашата општина беше идентификувана како една од најдобрите општини кои се позитивен пример за финансиското работење пои мерка на граѓаните. Ќе го читам ова, ќе го цитирам
Вам и на вработените во вашата Општина ви благодариме за дадениот придонес во реализирање на ова истражување, ви честитаме за досегашните напори за добар финансиски менаџмент и ве охрабруваме да продолжите со вашите добри практики. Згора на тоа издаден е и сертификат за Општина Кавадарци од УНДП за финансовиот начин на функционирање и работење на Општина Кавадарци за 2022 година. Токму за тоа Општина Кавадарци, Советот на Општина Кавадарци без разлика на политичка ориентација, без разлика за тоа дали Општина Кавадарци е задолжена Општина, дали Општина Кавадарци работи против интересот на граѓаните на Општина Кавадарци, заедно како Совет без разлика на политичка ориентација, со нашата општинска администрација и Градоначалникот г-динот Митко Јанчев, а во интерес на граѓаните на Општина Кавадарци треба да бидиме горди, заради тоа што се работи за реномирана организација. УНДП да даде вакво позитивно финансиско менаџирање на нашата Општина е за респект и за почит. И благодарам на ова, а посебно на вас општинска администрацијо. Сакам да бидете горди на овие успеси и на овие подвизи. Почитувани Кварталниот Извештај за извршување на буџетот на Општина Кавадарци. Повели.
СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Јас сакам да бидам краток. Многу работи се кажаа во врска со овој Квартален Извештај, за првите 3 месеца од работењето на нашата Општина и сметам дека е прерано за да се даде конечна оценка, сепак се првите 3 месеца,

од кои што имаше доста денови неработни и празници, верски, државни и генерална оценка е дека 25% од трансферите од централната власт се навремено измирени. Тоа е точно. Останатиот дел на приходите е помал и разбирливо е затоа што, јас така сметам дека сеуште не се изготвени голем дел од решенијата за даноци што треба Општината да ги издаде и сакам да ви кажам еден пример. Пред неколку недели бев на едно приватно патување кај мои роднини и пријатели во Хрватска и Словенија и на пр. буџетот во, ако Вуковар е 29 000 жители има буџет од 40 000 000 евра, ако едно Марибор е 96 000 000 жители и има буџет 190 000 000 евра, ние сме 36 000 жители нашата општина и имаме буџет од околу 19 000 000 евра и затоа се напорите и сите што треба да ги вложиме за влез во една Европска Унија, каде што ќе имаме пристап до тие фондовите кои што ќе ни овозможат поголем буџет и полесно остварување на приходите и реализирањето на некои планови и проекти што ги имаме, а сега немаме можност да ги реализираме Вчера имавме пример тука на Комисија за ракомет зборувавме исто и за сите спортови, со недостаток на средства е многу тешко да се успее, а разликата на тие општини и нашата е тоа што ние имаме многу помалку средст ва на располагање за да можиме да финансираме во развојот на тие младинските спортови и од тие причини сакам да кажам да дадам и еден предлог до сите нас и до општинската администрација и до Градоначалникот да размислува во најскоро време да се отворе нов сектор Туризам во делот на нашата Општина, затоа што ако размислуваме за иднината, за 2 години ако имаме профункционирање на Молот кој што со самото негово профункционирање ќе имаме најмалку по еднаш да дојдат од секој град, од Македонија да видат како функционира, на шопинг во тој Мол. Ако тоа се на пример за некој временски период се милион такви посетители, по едно евро да остават се милион евра, меѓутоа тука треба да се има во обзир дека бројот на мини винариите е од година во година се поголем. Бројот на оние посетителите на ракија е се поголем секоја година. Дајте тој сектор уште сега да почне да функционира, за да се набилдат за после неколку години да има секоједен што ќе дојде во Кавадарци да биде бомбардиран со понуди каде да потроше денар повеќе во нашата општина.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Општина Кавадарци во однос на туризмот се слагам дека треба да поработи малце подобро, меѓутоа да не заборавиме дека има отворено Туристичко

Биро, меѓутоа во идно време треба апсолутно во однос на надоградување и надградба и подобра идеализација на самите посетители, да се направи Сектор кој малце можеби ќе остави подобра слика во функционирањето на Општина Кавадарци. Сега има отворено Туристичко Биро кое се наоѓа во центарот на Општина Кавадарци, спроти киното во Кавадарци . Почитувани бидејќи е исцрпен предлогот, разговорот и претресот по првата точка, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Во ред. Колку сме тука. 11 за. Пере. За. Диме. За. Ружица. Даниела. Против. Против ве молам кој е. 5. 13 за.

Пристапуваме кон втората точка, значи првата и втората точка некако по разговорот и дискусијата беа споени. Значи сега одиме на втората точка.

2.Предлог- измена и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;

Во однос на оваа точка јас ќе земам збор.

Почитувани присутни, почитувани советници, општинска администрацијо, граѓани на Општина Кавадарци. Во однос на втората точка на денешниот дневен ред Предлог ребаланс на буџетот на Општина Кавадарци за 23-та година Претседателот на Советот на Општина Кавадарци и советничката група на ВМРО ДПМНЕ поднесе Амандман, кој Амандман по прифаќањето ќе претставува составен дел за измената и дополнувањето на буџетот на Општина Кавадарци за 23-та година . Образложение на самиот Амандман се состои во следново:

Овој Амандман предвидува обезбедување на финансови средства од буџетот на Општина Кавадарци за учебната 22, 23 година, а е во насока на поттик, стимулација и мотивација на учениците и нивните ментори за уште поголеми успеси при учеството на државните и меѓународните натпревари. Со Амандманот се предвидуваат средства во износ од 800 000 денари, што всушност е придонес на Општината во финасовата коцка на образовниот мозаик на учениците, што се надевам дека ќе биде поголем поттик да се овозможи една лична сатисфакција на учениците и на нивните ментори кои постигнале врвни резултати и се достојни претставници на државно и интернационално ниво. Со прифаќање на Амандманот од ваша страна Општина Кавадарци вложува во идните генерации за истите да прераснат во општествено одговорни личности и се надеваме дека еден дел од нивните образовни траектории ќе ги вложат овде во храмот на демократијата, во

Советот на Општина Кавадарци, а истите ќе бидат продуктивно насочени кон развојот на Општина Кавадарци во идно време.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, , почитувани граѓани. Во делот за Предлог Измена односно за ребаланс на буџетот за оваа година е и ставката од скоро 2,5 000 000 денари за пилот проектот Обезбедување на бесплатен оброк за децата од основно училиште и тоа од прво -петто одделение. Претходно се разви една дискусија за тоа. Сега јас сакам да се надоврзам. Ќе се повикам на последниот и актуелен Правилник за стандардите за исхрана и за оброци во основно училиште донесен на 17.12. 2020 година . Според член 9 од овој Правилник гласи дека појадокот, првата ужинка на децата треба да исполнуваат 35% од нивните дневни потреби и стои препорака за видови храна и јадења за поедини оброци. И сега во делот на доручок и ужина стои Млеко и млечни производи, млечни напитоци, свежо припремени житни снегулки, леб од цело интегрално зрно, сирење, путер, мармалад, мед, млечни намази, свежо подготвени намази од мешунки, риба или зеленчук, јајца, сезонско овошје, зеленчук и природни овошни сокови. Ова е нешто сосем друго од она мени што ни беше презентирано пред неколку седници. Сакам да укажам на тоа дека треба да се внимава и да се следат овие правилници, со цел да обезбедиме здрав и безбеден оброк за сите деца. И сега ќе ја искористам ова прилика да се извинам што морам од телефон ова да го читам овој Правилник, но не го испечатив, со цел да не трошам хартија, затоа што претходната седница бев повикан од Градоначалникот дека сум се залагал за екологија и за амбиентален воздух, а колку листови хартија биле потрошени од таа некоја герила акција за која што немам јас никаква одговорност и колку дрва требало да бидат исечени за таа хартија. Затоа доколку има интерес да го добиете овој Правилник неможам да ви го доставам сега во хартиена форма за да не трошиме хартија, кој има интерес можам да му го пратам електронски. Благодарам и жал ми е што Градоначалникот не е тука затоа што јас немам стил кога некој не е тука да го повикувам, ама добро, од оправдани причини, исто како и мене минатиот пат.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Почитувани дали има некој друг. Бидејќи никој не бара збор. Се извинувам. Повели советниче.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Во врска со втората точка, Ребалансот на буџетот факт е дека има добри ставки, факт е дека треба да се направе ребаланс. Јас ги оправдувам овие ребаланси

затоа што треба да бидиме флексибилни и да гледаме во кои моменти кога е потребно некогаш од некоја ставка да се префрле на друга ставка некои вредности, некои износи. Факт е дека ребалансот беше потребен и за да се распределе салдото што е останато од 2022 година. Тука имаше и времени ситуации кои се дадени покасно, па се евидентирани во сметководството на Општината покасно и тоа сето предизвикува потреба за да се пренаменат некои износи и тоа е добро, се слагам и со Претседавачот на Советот за средства да се издвојат за награда на ученици и нивните ментори во тој дел, меѓутоа има две ставки кои стрчат и не ги оправдувам. На пример има една ставка милион денара за софтвер, тој софтвер е за некои ставки за промената на процентот за наплата на даноци кои што мислам дека е голем износ. Јас работам 33 години со програмери и мислам дека вија износ е преголем и јас не се слагам со ваков голем износ за таа ставка што треба да му се плате на некои програмери за таа операција и второ има предвидено 3 000 000 денари за времено вработување и со овој дел не се слагам. Вие го знаете мојот став последните година и пол дека јас сум постојано против времени вработувања и издвоени средства за нив. Јас сум за постојани вработувања. Имам гледам во нашата Општина и млади, квалитетни, некои од нив ги познавам што се нововработени тука и ги поздравувам и му давам храброст, ги познавам од претходно како добри работници каде што работеле некаде, сега се тука во општинската администрација, меѓутоа сум против да се задржат или да се наградуваат оние што не работат. Имаме примери такви и жалби од граѓаните. Ова што го прочита Претседавачот на Советот, наградата од УНДП мислам дека е доста добро за нашата Општина, меѓутоа некој од администрацијата стварно не ја заслужуваат таа пофалница. Значи цел товар за вакво признание е на дел од администрацијата кои што работат и прекувремено и сабота и недела се активирани, ама дел од нив нека ми простат ќе се препознаат толку лежерно си ја бркаат работата да голем дел од граѓаните се жалат и замислите си дека било кој да отиде за некое барање они треба да знаат дека тој ми е или мене познат или на некој од вас и дека ќе му кажат дека несериозно си ја завршува работата и затоа за дел од ребалансот, за овој дел не се слагам. Затоа не се слагав и со 13-та плата на секој подифолт, туку сум за наградување многу повеќе на секој што придонесува за нашата општина да биде со такво лице какво што е сега со давањето на ова признание, а за тие

што така лежерно си ја работат работата и ги враќат граѓаните по неколку месеци и неколку години, јас имам личен пример за член на мојата фамилија, кој што 2 години предметот е долу во една канцеларија, никако не можат да го решат. Тоа е срамно мислам за тоа одделение, ама во друга прилика ќе разговараме за тија дел.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Почитуван Претседател на Совет, медиуми, колеги советници, администрација, граѓани. Јас во делот на оваа точка за ребалансот би се осврнал и би кажал за оброкот, значи за оброкот од полот проектот, бесплатниот оброк. Значи слушнавме напаќања од страна на колегите дека не би здрав и не знам што. Еве во Општина Росоман значи бесплатен оброк за секое дете по препораки од Министерството за здравство исто така е донесена Одлука за бесплатен оброк и тоа еве ќе ги прочитам оброците од прва до трета недела како му се нели предвидени. Понеделник пита домашна со урда, јогурт со минимални млечни масти 3,2%, Вторник ладен сендвич со шунка, млечен кашкавал, кравја павлака и краставица, Среда геврек со урда, Четврток кроасан со јаболка и да не читам натаки значи исто и во Општина Росоман каде што има бесплатен оброк за учениците е по тој истиот Правилник од Министерството за здравство каде што знаеме дека во Општина Росоман Градоначалник е од редовите на СДСМ, така да и Кавадарци и Росоман, значи не е ова да ја напаѓам Општина Росоман, туку сакам само да укажам дека и Општина Росоман како и Општина Кавадарци се придржаваат спрема Правилникот за работа и за оброк за секое дете од прво до петто одделение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колега јас не знам што ветувал тамошниот Градоначалник, меѓутоа знам што вие сте ветувале и вие сте ветувале вака Обезбедување на бесплатен оброк за сите ученици од прво до петто одделение, со тоа околу 1800 ученици ќе добиваат по еден здрав оброк на ден, вредност 50 000 000 денара. Воа е од вашата изборна програма, не сум го измислил јас. Од вија износ се сведувате на 18 000 000 денара. Зошто. Што сте планирале со овие финансиски средства да опфаќа тој оброк. Тоа е клучното прашање. Шо сте му кажувале на граѓаните кога сте ја барал довербата ти кога си бил советник, целла советничка група и Градоначалникот, кога сте ја барале довербата кај граѓаните Тоа е една работа. Втора работа еве го Правилникот. Јас не измислувам ништо. Врз основа на тија Правилник последниот член

Храна која што треба да се избегнува или да се конзумира ретко до два пати месечно и во мали количини Пекарски и слаткарски производи, индустриски десерти, газирани и негазирани слатки пијалоци, месни, крем чоколадни намази, тврди маргарини и да не читам понатаму.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Мислам дека двете точки се сведуваат на читање и на ирационален пристап.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани значи јас ребалансот го спомнав со претходното излагање со кварталниот извештај и сега само сакам да потенцирам, бидејќи бројките се моја страна. Значи чисто за информација за граѓаните дека со овој ребаланс буџетот го зголемуваме за 85 000 000 денари и тоа по 3,4 основи. Значи по основ на зголемување на приходи по основ ДДВ 34 000 000, 11 000 000 се вишок средства од централниот буџет што не биле до сега искористени, ќе ги искористиме во наредниот период, 34 000 000 се средства префрлени исто така неискористени претходно од основниот буџет и остануваат за користење во следната, односно во оваа година 2023 и по основ на самофинансирање имаме само 2 300000 денари и сите овие средства значи од 85 000 000 денари 69 000 000 одат во основниот буџет и ќе се трошат по различни основи. Значи за плати се 5 000 000, за стоки и услуги 11, за разни трансфери 8 000 000 и 43 000 000 денари остануваат во капитални расходи. Добро е што имаме 43 000 000 во капитални расходи, што ќе бидат точно од овие капитални расходи и со каков квалитет и колкав придонес ќе дадат во развојот на Општина Кавадарци, тоа ќе го видиме со наредните извештаи од работењето на Општина Кавадарци. Сакам да ја поздравам Предлог одлуката на Претседателот на Совет за наградување на талентираните ученици и сакам да се надоврзам дека за поздравување се одлуките на централната власт во делот на тоа што стипендиите за средношколците и за студентите во последните години се зголемуваат континуирано, се зголемени. Последната одлука за студенски оброк е исто така зголемена. Таа е првично лани донесена од 120, сега имаме 140 денари, што многу значи за секое едно семејство што има студент. Така да кога имаме вакви мерки и од локална и од централна власт во подобрување на студенскиот и средношколскиот стандард на нашите ученици, индиректно и во помагање на секое семејство, тоа е за поздравување и да очекуваме дека сите овие мерки ќе дават резултати во образованието на нашите ученици, ќе добиваме квалитетни кадри кои што треба во наредниот период секако да дојдат на нашите позиции.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советничке. Амандманот на точката го ставам на гласање. Кој е за. Прво за Амандманот, после за се.Пере.За. Диме. За. Ружица. Даниела. За. Во ред.. Втората точка ја ставам на гласање Амандманот е усвоен. Одиме значи Предлог измена и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 23-та година. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Значи ребалансот е ставен на гласање. Тоа е втората точка од денешниот дневен ред. Диме. За. Пере. За. Ружица. Дааниела . Против. Во ред. Против. 5 против. 1 воздржан. 11 за.

2. Предлог-Одлука за превземање на основачките права и обврски на ученички дом „Крсте Петков Мисирков„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. Пере. За. Диме. За. Ружица. Даниела. Воздржана. Воздржани. 5.

3. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програма за комунални дејности за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена. Диме. За. Пере. За. Ружица. Даниела. За.

4. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програма за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. За. Пере. За. Даниела. За. Ружица. Едногласно.

5. Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт Детален Урбанистички План за ДУП УЕ 14 блок.6 и блок 14.7 Силекс згради, КО ваташа, КО Кавадарци – град, Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. За. Пере. За. Ружица. Даниела. За.

6. Предлог-Одлука за исправка на техничка грешка на ДУП за УЕ„Лазо Асијата„ плански период 2001-2006;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Ајде. Повикајте ја Марија да каже каде е техничката грешка на Лазо Асијата за плански период 2001-2006. Молимте од службите викните ја Марија или некој друг. Ајде пауза 5 минути.

СОРАБОТНИК ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ИРЕНА ТРАЈКОВА: Планот од 2001 година има разлика во графиката и табеларниот приказ на самите парцели. Заради тоа се јавува грешка во површините. Кога графички би се исцртала секоја парцела е

различна површината од таа што е на табеларниот приказ. Поради тоа се прави техничка исправка, во која што се менува табеларниот дел на Деталниот План, затоа што во 2001 немало дигитална подлога за катастерските парцели и сега тие 4 парцели, кои што имаат големи разлики мора да се усогласат графички со табеларно. Тоа е исправката на самиот план.

Почитувани дали може да продолжиме. Значи 7 точка ја ставам на гласање. Тоа е:

Предлог-Одлука за исправка на техничка грешка на ДУП за УЕ„Лазо Асијата„ плански период 2001-2006;

Кој е за. Молам за гласање. Едногласно. Диме.За. Пере. За. Ружица. Даниела. За.

7. Предлог-Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на дол на КП.бр.16093 КО Кавадарци, град Кавадарци, Општина Кавадарци;

Отварам претрес. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Диме. За. Пере. За. Ружица. Даниела. За.

8. Предлог-Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас и регулација на „Дабнишка река„ и нејзините притоки во опфатот на с.Дабниште, Општина Кавадарци;

Отварам претрес. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Тоа е 9-та точка од денешниот дневен ред. Едногласно. Диме. За. Пере. За. И Даниела и Ружица. За.

9. Предлог-Одлука за ослободување од надоместок за уредување на градежно земјиште за спортска сала с.Возарци;

Филип Тасев. Тоа е 10-та точка од денешниот дневен ред.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Почитуван Претседател, почитувани колеги советници, медиуми, служби, почитувани граѓани. На денешната седница на дневен ред како 10-та точка имаме:

Предлог-Одлука за ослободување од надоместок за уредување на градежно земјиште за спортска сала во с.Возарци. Сакам да ја известам јавноста, да ги известам граѓаните на Општина Кавадарци дека од буџетот на Општина Кавадарци со овој ребаланс се издвоени средства за изградба на 3 спортски сали, кои се во износ од 75 000 000 денара и тоа сите ќе бидат финансирани од Буџетот на Општина Кавадарци. Проектите за овие, типски, спортски сали кои се наменети се изготвени и финансирани од Буџетот на Општина Кавадарци. Тука станува збор за типски сали во село Возарци, Сопот и Марена. Исто така сакам да ги известам граѓаните дека со вториот ребаланс кој што ќе ни следи во иднина ќе се предвидат средства и за изградба на типска спортска сала во с. Дреново, која

исто така ова спортска сала ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Кавадарци. Во контекст на ова сакам исто така да ги известам граѓаните и јавноста дека исто така во текот на наредната недела ќе биде распишано и тендер за тендерска постапка за адаптација на објекти за предшколска возраст, односно за адаптација на занимална во с. Дреново, која исто така во целост ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Кавадарци и тоа во износ од 3 000 000 денара. Со тоа сакам да кажам дека Општина Кавадарци се грижи како за најмалите, така и за највозрасните и сразмерно ги распределува средствата како во урбаните средини, така и во селските средини.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Точката ја ставам на гласање. Значи 10-та точка ја ставам на гласање. Кој е за. Пере. За. Диме. За. Даниела. Ружица. За.

10. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за распределба на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година (за спорт);

Отварам претрес за оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

11. Предлог-Одлука за откажување од корисничко право на недвижна ствар на КО Кавадарци;

Отварам претрес за оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

12. Предлог-Одлука за субвенционирање на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

13-та точка на денешниот дневен ред. Отварам претрес за оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за.Пере. Диме. Ружица. Даниела. За.

13. Предлог-Одлука за судско порамнување предмет П1.бр.11/23 ;

Отварам претрес. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

Од 15 –та до 18-та точка.

Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.7/23,ВПП.бр. 54/22,ВПП.бр. 9/23 и ВПП.бр. 6/23. Ги ставам на гласање ОД 15-18. Кој е за. Сите наеднаш. Пере. За. Диме. За. Ружица. Даниела. За.

19. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци;

Отварам претрес за оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Мелов.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги. Имаме одлука за определување на зони за зонско паркирање. Јас ќе дискутирам само во делот на улица Дисанска.Улица Дисанска прва работа што сакам да ја спомнам, јас сум ја зборувал и минатите седници на Совет, а тоа е дека имаме преголем опфат онаму каде што се врши наплата на, односно каде што имаме платен паркинг и веќе почнува да зафаќа одредени делови кои што навлегуват веќе во периферијата, а идејата на паркирањето да кажам беше да се регулира единствено централното градско подрачје каде што претходно имавме проблем со сообраќаен метеж. Со оваа точка која што ја имаме денеска, имено на улица Дисанска, која што е улицата од кружниот тек кај салата Партизан, па нагоре од левата страна, кај што имаме платено паркирање денеска гледаме дека се вршело наплата на паркинг, се казнувале граѓаните, се плаќале пајаци, се плаќале како се нарекуваат оние канци и слични работи за улица која што воопшто не била вметната да биде дел каде што ќе имаме зонско паркирање и тоа се случува 7,8 месеци наназад. Од кога имаме Директореплатен паркинг на Дисанска. Од септември месец.Од месец септември до ден денеска имаме платен паркинг на нешто кое што не можиме да го правиме. Како сте наплаќале паркинг на улица која што не била ставена во зона за паркирање. Сте го правеле тоа на диво, без никаква одлука, без ништо, сте им кревале коли на граѓани, сте им наплаќале паркинг на граѓани без одлука на Совет и сега ни ставате точка кадешто што треба да каправиме сега. Да го легализираме сето она што било претходно правено. Што ќе правиме со тие луѓе што плаќале казни таму и што плаќале паркинг таму и со тие парични средства кои што им ги уплатиле на ЈП, а законски не сте смееле да им земете. Јас неколку пати дискутирав за овие теми, за опфатот на паркин, мислам дека стварно ја претеруваме веќе работата. На секоја уличка веќе цртаме паркинг и ставаме табла и им наплаќаме паркинг на граѓаните, па не беше тоа идеја. Овоа е дополнително како да ви кажам. Овоа е скандал над скандалите. 8 месеци да наплаќаш паркинг без никаква одлука, на диво. Очекувам да ми одговоре директорот што во однос на оваа ситуација како и

Раководителот на правниот сектор Што правиме Раководителе во однос на оние луѓе на кои што сме им наплаќале одреден износ за паркинг каде што сме им наплаќале во Општина Кавадарци за казни, за пајак, за слични работи. Што правиме со тие работи. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ајде Директоре ве молам.

ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ ОРЦО НАСТОВ: Добро во врска со Ц зона, ајде малку се вулгализира сета работа, бидејќи тоа сето ниту е заградено во приватен двор, ниту пак неко ј ќе загради и ќе наплаќа паркинг. Значи за тој паркинг постое елаборат, постое студија, изработена е студијата од овластена кука, исцртан е паркингот. Се работе за технички пропуст да речиме од наша страна што во тие моменти кога беа презонирањето, пребројувањето на места не е ставена, не е помината на Совет и ниту е тоа надиво, ниту е волја, него тоа е со органите тука на Општината направено, со студија, со елаборат за собраќај исцртано се како што треба и пуштено во септември, меѓутоа после бидејќи имаше други одлуки за презонирање, за пребројување на места со А4, Б4 префрлања испуштена е од технички причини, направено е тоа. Така да од тој период така функкционира, сега е приметено тоа да се легализира, меѓутоа тие пари што викаме, кои се собрани во тој период, бидејќи има за тоа во системот доказ, можеме тие пари ќе ги извадиме колку се, што се и ќе ги дадиме како донација за да не ги пише веќе и да се реше. Иначе не не се работе за надиво работење, за без одлука, без никј да знае. Тоа не е во мојот двор, па да си заградам јас или било кој, па да си направе, да си плаќа паркинг. Значи се работе за паркинг кој што е легален, кој што е изработен на Физибилити студија, односно елаборат сообраќаен, исцртано е и направено. Технички пропуст е направено што не поминато, бидејќи грешка е направено во тој дел и сега го увидовме тоа, само да се вметене тоа, бидејќи се примети сега кога треба да ги отвориме после овие точки овие хуманитарни места, донаторски места, така да за тоа се работе, иначе и оноа дали треба опфатот да биде повеќе или помалку еве што правиме сега имаме и барање и од околните улици на Дисанска, односно тука што се зградите на Кодекс и другите. Значи луѓето бараат да тоа се регулира, бидејќи секое нерегулирање на едно место, одма се префрла товарот на друго место, така да не дека ние првична одлука

била централното подрачје, значи централното подрачје да, ама после централното подрачје кога се регулира теретот се префрла при другите џепови станарски да речиме оние што викаат меѓу зградите џепови се паркинзи и на барање на граѓаните се воспоставува и таму зонско паркирање, значи не дека ние сакаме или од тоа ќе печалиме многу, затоа што тоа се претежно станарски картии еве сега значи има инцијативи и горе на Цветан Димов да се воведе зонско паркирање, каде што се само станари и дел кај Белка и дел има инцијатива веќе од станарите што се на улица Дисанска од спротивната каде што веќе товарот им се префрла на нив, избегнувајќи таму или ваму да се паркираат, се паркираат на таа страна, сакат да си бидат регулирани, така да не тоа дека само централното подрачје се растерети. Да. Централното подрачје се растерети, ама се оптеретуваат другите и сега овој што станарски живее таму, фактички не може таму да се паркира затоа што избегнувајќи некој да плати на пр. 10 денара пред Рамазоти, ќе оде да се паркира во другиот паркинг таму. Есега на нивно барање во тие паркинзи се раширени зоните. Така да тоа е тоа. Иначе во овој дел тука не се работе ниту за див паркинг, туку се работе за паркинг кој што е легален , кој што е изработен со студија исцртана. Направен е технички пропуст на евидентирањето со одлука на Совет.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Директоре на исцрпниот одговор.Круме повели.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Директоре викате дека паркингот е легален и дека врз основа на таа Физибилити студија која е направена за Општина Кавадарци вие како ЈП сега можете да казнувате нели, да ставате канџи на било која кола која што е паркирана каде што е исцртан паркинг без одлука на Совет. Точно.

ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ ОРЦО НАСТОВ: Го реков тоа. Направиле пропуст што не е поминатао на Совет, направен е пропуст иначе.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Кажи точно е.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Што влечете за јазик. Не е на обвинителна клупа, па вие да го прашувате дали е точно или не. Значи многу убаво образложение човекот дади. Се работе за ненамерна техничка грешка што не е поминато на Совет . Е сега не е на обвинителнат клупа. Треба и ние малку да бидеме со респект кон функцијата.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Респект кон функцијата добро. Директоре дали имат право тие што сте ги казнале во меѓувреме за таа улица да им бидат вратени парите.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Го кажа тоа директорот.
ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ ОРЦО НАСТОВ: Јас реков ќе ја извадиме евиденцијата. Има од системот ќе извадиме евиденција од септември колку СМС пораки се, ќе ги донираме, ќе ги дадиме со одлука на Совет .
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Дали на тие што се казнати за канџи и за пајак може да им се вратат на сметка пари.
ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ ОРЦО НАСТОВ: Не знам, не сум правник. Иначе можеме тие средства да ги видиме.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Директоре дали смеете, еве пример на Ресавска немате одлука за. Таму имате исцртан паркинг, немаме одлука на Совет за зонско паркирање таму.
ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ ОРЦО НАСТОВ: Ресавска не е во зонско паркирање.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: И Дисанска не.
ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ ОРЦО НАСТОВ: Имаме технички пропусти што не е евидентирана. Ресавска ниту била, ниту ќе биде ставена. Првично беше ставена во еден елаборат, после тоа се поништи, таму не влези таа зона, инаку Б15 на времето требаше да биде. Значи не е ставена таа.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ : Дисанска е еквивалентна на Ресавска. Значи вие имате право според тоа што го кажувате и на Ресавска како на Дисанска.
ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ ОРЦО НАСТОВ: Значи има ли таму студија направено, елаборат. Има ли обележано место да речиме и во елаборатот. Нема. Така бележиме и кај Белисимо долу, ама тоа не е во пракинг зона. Се бележат двете страни од Белисимо надоле и нагоре ама тоа не е со цел да се паркират, ама тоа не е во паркинг зона таму.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Уште едно прашање. Дали имате право на споредните улици кај што не е бележан паркинг да ставите канџи.
ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ ОРЦО НАСТОВ: Ако нареде полицијата таму. Само со полициска придружба се оде . Ако полиција дојде, со асистенција на полицијата каде што е забрането и ако они одземат.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Вие да пишувате казни.

ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ ОРЦО НАСТОВ: Па нормално ако он нареде дека тоа возило да се блокира и да се крене, ние постапуваме по тоа, значи таму ние самоинцијативно не одиме значи каде што не е паркинг зона, на непрописни паркирања што се во паркинг зона таму да .

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: На 7-ми април им беше пишана казна и од полицијата и за одблокирање нели од страна на ЈП Паркинг .

ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ ОРЦО НАСТОВ: Да.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Тоа е за пајакот.Значи за користење на пајакот.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Не и за канџите.

ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ ОРЦО НАСТОВ: Може ако претходно полицаецот утврдил дека треба да се блокира, истото возило се блокира или да се повика пајак, тоа е веќе услуга која што ние ја наплаќаме. Тоа не е по наша одлука дека нема ние да одиме таму.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Директоре. Мелов ајде.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Директоре правно формално немате право да наплаќате паркинг на место каде што немате одлука на Совет и каде што таа улица или тие паркинг места кои што се наоѓаат на таа улица не се влезени во зонирањето. Немате право. Пропуст ли е нели е пропуст, немате право. Што правиме даље. Да не се лажиме сега тука. Било пропуст, техничка грешка, елаборатот, паркингот овоа, оноа. Така вие по овој принцип може на било која улица да си нацртате паркинг и да ни наплаќате, да ставите една табла и да ни наплаќате, без одлука на Совет. Како тоа не е на диво. На диво е. Сега треба да го легализираме. Вие го уредувате јавниот простор. Паркирањето е јавен простор. За јавниот простор одлучуваме ние сите тука. Затоа сме избрани. А за приватниот мој простор си одлучувам јас самиот. Ме разбираш. Вие го уредувате јавниот простор каде ќе има паркинг, каде ќе нема, со одлука наша. Таква одлука нема. Вие наплаќате на јавен простор на граѓани перкинг, пајак, канџи, а немате одлука, немате законска основа да го правите тоа. И сега на сите граѓани легитимно право е да дојдат и да ве тужат, зашто сте им наплаќале пари за нешто кое што не постое, што не е правно потковано. Во однос на централното градско подрачје значи идејата на Паркинг , на паркирањето, платен паркинг беше да се наплаќа само во

централното градско подрачје. Никој не не спречува да ние правиме паркинг места. Зошто мора да им наплаќаме на луѓето за паркирање надвор од центарот на градот. Зошто . Еве велите пред ресторан Белисимо е исцртан паркинг, па не наплаќете, сем ако не ви текне и таму да ставите табла, ама не наплаќате. Зошто не може да го регулирате периферниот дел кој што е неатрактивен на тој начин. Зошто мора да наплаќате. Тоа не кошта ништо. Една канта боја, да офарбате и да бележите паркинг места. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Едно мое гледиште. Значи функционирањето и работењето на ЈП Паркинг во изминатиов период, сведоци сме дека од кога е нашиот Совет, од година и пол, посебно во претходната година, во втората половина бележи подобар финансиски резултат и подобро функционирање во однос на финансиите на Општина Кавадарци . Во однос на регулирање на метежот градски во централното градско подрачје со двете катни гаражи за паркирање во Градскиот пазар сметам дека се растерети таа централна гужва, во централното градско подрачје, а според мене во однос на периферните делови кога елаборатите ќе се направат и кога елаборатите ќе се овозможат законски да се поминат јас сум за опција подобро да биде исцртано како што е, бидејќи посебно благодет е на Дисанска нагоре тоа зонско паркирање, мислам по тој паркинг, па и Белисимо од таа страна сега е посебно благодет за посетителите и жителите на тој реон или посетителите и жителите на Паркот Љупчо Шкартов на Дисанска и сметам дека тоа е од интерес на самите граѓани. Во однос на оваа ненамерна техничка грешка не верувам дека директорот и едниот и другиот свесно и намерно сакал да го направе и Дисанска Ц10 да не ја ставе на Совет. Апсолутно, тоа е кредит и ќе се трудиме во набрз можен рок да се исправе. Се слагам. Има опција таква. Директорот убаво спомна дека да се извадат тие што се оштетени, бидејќи се работе за зона што не е помината на Совет да се обештете.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Реплика. Претседателе не можеме да кажеме ние ненамерна грешка, пу, пу не важи на сите што им пишале казни, за тоа пу, пу не важи ненамерна грешка луѓе казни платиле таму, се чувствувале неубаво, се чувствувале несовесно према Општината и казни си платиле таму, мислам сега пу,пу не важи на претпријатие кое има десетици вработени

во администрација. Како прво не ми се допаѓа тоа што го правдате ЈП, наместо нив, а како друго.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Не го бранам ЈП. Директорот сам кажа на говорница дека тоа е превид. Ние не сме тука Обвинителство и директно врз него атак да правиме. Значи вие побаравте правно да се најде можност и начин, дали и што може да се направе и тоа ќе се разгледа.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Реплика. Јас сум тука само овие две работи да ги поделиме. Прво се бара донесување на одлука за таа улица што има елаборат и сите технички карактеристики да се направе како паркинг и сум таа одлука да ја гласаме, а за досега сите тие што платиле паркинг на основа на СМС пораки тие средства да ги извадат од службите на ЈП Паркинзи и да се префрлат на посебна сметка за екологија или за некоја друга, за социјални случаи, како же заземиме став, а сите тие, оти СМС пораките немате податок ви кое лице ја пратило, а за сите што платиле казна по основ на ставање на канци или за пајак служба пошто имате податок кои се тие, до наредниот Совет да ни дадете извештај дека тие средства му се вратени на граѓаните. Дајте да ги поделиме работите.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Никој не не брани да го регулираме делот на паркирање. Не спомнал никој дека е лошо што на одредена улица има паркинг. Првата работа, прашање Дали на истата улица која што се наоѓа можам да кажам слободно накај периферија на град, прашајте дали таму треба да се наплаќа воопшто или не или да стое во елаборатот како паркинг. Зошто да наплаќаме таму. Една работа. Втора работа поважниот момент. Без одлука на Совет наплаќаме паркинг и сега било ненамерна грешка, пропуст. Види јас кога ја паркирам колата и кога ќе заборавам да пуштам порака, ми доаѓат и си плаќам казна за пропусот. Сигурно не сум го направил тоа намерно. Трета работа во делот на парите на граѓаните. Колега ние сме му наплаќале на граѓаните пари за нешто што не смееме да му наплаќаме и сега предлагаме со нечии туѓи пари каде ние ќе ги пренасочуваме. Кој ни дава нас такво право да одлучуваме за пари кои што претпријатието му ги зема на граѓаните без никаква правна одлука, а ние пак да одлучуваме каде да ги дадиме. Може некој не сака да ги даде пример. Го немаме тоа право. Ме разбираш. Го немаме тоа право и на крајот на краиштата Претседателе овоа е орган на кој се рзаговара за клучни теми за градот, не е Обвинителство. Кој го обвини ваквото

што е. Не сме му поднеле кривична пријава, па тука да го судиме.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Не да го судиме, ама Директорот многу убаво си кажа негов став и гледиште. Со него може да се сложиш или може и не. Така да, ти си го кажа твоето.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не треба да се признае дека е направен пропуст и дека е направена многу голема грешка. А не тоа било техничка грешка, елаборат, овоа, оноа. Мислам не е коректно.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во контекст на разговор да не се фаќаме за збор.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ти го оправдуваш ли овоа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Јас многу убаво си кажав во моето. Многу убаво си кажав.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ти го оправдуваш овоа и сакаш да се извадиш како техничка грешка во твоето излагање.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: И нема да ти одговорам.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Да се утврди колку ги кошта граѓаните овој пропуст. И тоа да се издвојат сите средства кои ги има тука во прилив ЈП Паркинзи во зона Ц10 по однос на станарски дозволи, по однос на СМС пораки и по основ на канџи и по основ на кревање на возилото со пајак, значи по основ на казни. Значи да се има увид колку ги чини граѓаните еден ваков пропуст, па после да се дефинира што понатаму да се праве. Зошто мора прво да ја утврдиме штетата од ваквото работење. Затоа што секој си сносе одговорност за својата работа, без разлика за кое ЈП и за која институција станува збор и прво мора да се утврди таа штета. Затоа што таа штета е направена директно врз џебот на граѓаните.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Претседателе деловнички барам да се тргне точката и да не се гласа денес заради тоа што нема основ, да пронајдиме решение и после да ја ставиме на наредна седница.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Вака сега. Господа само на кратко. Ајде за наредна седница. Точката ќе ја извадиме сега и комплетно ќе побараме од зона Ц10 да видиме комплетно колку. Ама ќе се гласа со извештај, со заклучок да видиме да достават колку е направена. Значи за наредниот Совет ќе мора објаснување, а точката ќе ја поминеме како што е, со заклучок ќе ја гласаме. Повели Ристе.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги ајде вака. И со директорите неколку пати дискутиравме на таа тема, башка и овде на говорница и сум дискутирал на Совет и пак уште еднаш да објасниме и за граѓаните што беше целта на тоа што тогаш го зборев и сега ќе го повторам. Се паркира човек правилно на отворено место за паркинг, дали по грешка, дали ненамерно не пуштил СМС или ја згрешил и доаѓа шепа му стават и ако е во зона пр. 30 денари, со ставање на канца тој платил 30 саати. Значи ненамерна грешка. Ова казна ако е саатотб 30 денари, а ние му ставаме шепа, не е сразмерна, али е казна и е воспитна, 1000 денара се 30 саати. Нема да зборам за тоа дали да ја намалиме, таа нека остане толку, другото што после саат, два тој паркирал и отишол на состанок 5 саати, во првите еден саат, два му е ставено канца и после саат откога е ставена канцата или пола саат или два саати, зависи како е слободна она дигалката, го дигаме и го носиме во депото. За една работа го казнуваш, несразмерна казна многу голема, али сме ја утврдиле на Совет и таа е 1000 денари и таа е доволна тој 30 саати да седи на тоа место, да не го чепкаме, ние после саат време го носиме во депо и му тураме уште една казна, уште 2000 денари, 50 евра. Значи за иста работа двапати го казнуваме, тоа било така кога претпријатието било слабо да го исфинансираме, макар пак што не е убаво за граѓаните. Е мојот предлог е втората казна да не ја ставаме. Јас сум се паркирал правилно, не загрозувам сообраќај, не сум во зеленило, не сум на неубаво место, дозволено е паркирањето само што не сум платил.Може не сум платил, сум грешел, грешката си ја плаќам, има возрасни луѓе, може да згрешат, може сакам 1000 денари да платам да помогнам во претпријатието, намерно сум ставил кола така и сега да не одам на втора казна, за иста работа двапати да ме казнат ние да донесиме еден заклучок за наредна седница или кога можат службите тоа да го зготват и да дадиме одлука кога си му турил канца си го казнил несразмерно голема казна и тоа се значи на најскапата зона да се паркира тоа се 30 саати, тој веќе платил во таа казна и ние да не му тураме друга казна. Значи да биде доволна таа казна. Да не казнуваме за иста работа двапати. Моето размислување е такво и граѓаните реагират на тоа. Многупати сум зборел и со граѓани и со луѓе дека еднаш си го казнил, после 15 минути ја дуплираш 5 пати казната, како да убил човек, а бил правилно, не платил ради тоа што не знаел да плате, телефон му исклучил моментално или згрешил една буква, една бројка. Повеќето канци

се ставани грешка во телефон. Сум имал таков случај јас и друг и трет, платено, неплатено ама бројка си згрешил, место 2 си ставил 5 и мојата грешка сум ја платил, ама да не биде 3 пати казна. Ај да видиме тоа како ќе го средиме. Мојот предлог е дека една казна е доволна, да не оди на втора казна. Тоа ми беше Претседателе.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи вака. Во однос на моето размислување советниче треба прво да видиме колку ќе биде финансовиот губиток на ЈП. Да видиме финасова анализа да се направе од ЈП Паркинг. Бидејќи на овој заклучок за ЈП Паркинг ова ти е по вторпат исто мислење го имаш направено. Сметаш дека, во ред е. Треба да се направе финансова анализа и да се виде колку е. Мој предлог е.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Претседателе дали ме сфати. Сега ми викаш ти да направиме финансиска анализа, ако се кусо парите, да им бапниме 3 казни така. Ами ако се две малку финансиска анализа ако покаже дека се две малку, треба да му ставиме. Ти ме убедуваш мене дека треба да направиме анализа дали и се на фирмата доволно пари, ако не се доволно. Злонамерен не сум ниту према тебе, ниту према самиот себе Мојот концепт е дека кога еднаш го казнуваш со шепа, таа е доволно казна да не го дигаш, да го носиш во депо, а ти ми викаш дека да видиме, да направиме анализа, ако се малку пари да му туриме не двапати казна, трипати. Не бива таа работа. Значи мојот концепт е дека едната казна е доволна, да не му ставаме дупло казна за иста работа. Тоа е прифатливо и за граѓаните и за нас колегите, за советниците. Тоа ми беше.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Вака колеги. Во недоглед на точката за овие предлози што ги даде колегата Ристо не зборуваме сега...... Точно е може треба да се измене во некои делови како во однос на казнувањето. Треба да го разгледаме Правилникот, но тоа не е денеска точка на дневен ред. Точка на дневен ред е Предлог-Одлука за определување на зонско паркирање на улицата Дисанска. Сакам да се држиме за тоа, да направиме да го изгласме, заради тоа што превидот што е направен до сега, што го направило ЈП, да донесиме со заклучок да ја спроведиме оваа точка, на заклучокот ќе се договориме сите и кога ЈП ќе ни каже колкави штети претрпеле нашите граѓани во тоа што не била таа улица сместена во зонско паркирање и ќе си донесиме заедничка одлука како ќе се обештетат тие граѓани. А иначе ние мораме да ја донбесиме, ради тоа што истото ќе

продолжи ако не ја донесиме денешната одлука за зонско паркирање на улица Дисанска, тоа пак ние не можеме да му кажиме на сите граѓани дека таму таа улица не е во зонско. Гледат луѓето дека има табла и пак некој ќе си пуште порака. Затоа сметам дека ваа точка треба да ја поминиме денеска како одлука да се стави улица Дисанска на зонско поркирање, а за овој период што е направен превидот и што се направени трошкови на нашите граѓани, непотребни трошкови, тоа ќе го донесиме во наредните седници, да видиме како ќе го решиме тоа.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Предлог Одлуката ја ставам на гласање, заедно со заклучок, да се видат.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Реплика.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика на.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: На Весна. Прва работа. Никој нас не не прашал до сега дали сметаме дека таму треба да има паркинг платен или не. Ние затоа носиме одлука денеска. Тоа што претходно некој надиво си наплаќал паркинг, тоа е веќе друга работа, да не се сфаќаме грешка. Јас мислам дека таму ок е да има регулирање на просторно паркирање, меѓутоа не сметам дека таму треба да се наплаќа паркинг и затоа ќе гласам против.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи Предлог-Одлуката за изменување и определување на зонското паркирање на подрачјето на Град Кавадарци, тоа е 19 точка ја ставам на гласање. Заедно со заклучокот на Павле Маневски за да се виде. Значи заедно со заклучокот го ставам на гласање. Кој е за. Одлуката и заклучокот го ставам на гласање. Кој е за. 9. Пере. За. Диме. За. Ружица. Даниела.Против.Против ве молам кои се. 6 против.

20. Предлог-Одлука за примање на движни ствари од Агенција за одземен имот и давање на трајно користење - без надомест на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Едногласно усвоена. Диме. Пере. Ружица. Даниела.За.

21. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година за доделување на парична награда на ученици и ментори од основни и средни општински училишта во Општина Кавадарци за посебни постигнувања на државни и мегународни натпревари;

Отварам претрес по оваа точка. Имате Правилник доставен до сите. Кој е за. Едногласно. Диме. Пере. Ружица. Даниела За.

22. Предлог-Правилник за доделување на парична награда за ученици и ментори од основни и средни општински училишта во Општина кавадарци за посебни постигнувања на државни и мегународни натпревари;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Пере, Диме Ружица. Даниела. За.

23. Предлог-Одлука за давање на времено користење без надомест ствари на „Храна за сите-Банка за храна Македонија -Скопје, за потребите наЗГ „ЕКО –ЖИВОТ„ Кавадарци за реализација на Проектот„НУЛА ГЛАД ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ„;

Отварам претрес по оваа точка. Повели Златевски.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Сакам еден поздрав до Еко-Живот, невладината организација и Банка за храна и да напоменам само дека за време на пандемијата ги посетуваа и заболени од корона и им беше овозможено достава на храна до врата, на секој од нив. Оваа организација изгради систем за пријавување преку Кол Центарот на Општината 13-300, кои веднаш ги препраќаа податоците до нив и од Банка за храна им беше доставувано храна на секој од нив. На месечно ниво се работи за 50 пријавени преку Општината и редовно им беше доставувано, а преку Системот за социјална заштита тоа не можеше да им се овозможи. Ова Банка за храна функционира веќе 5 години во заедничка соработка со Општината и со Градоначалникот и се надевам дека натаки ќе продолжиме да ги подржуваме сите тие невладини организации кои имаат голем допринос и кои се претпознатливи не само во нашата општина, туку и во Републиката. Ова Банка за храна е едина во цела држава како таква. Пример за друга таква организација е и Донирај компјутер на Борче Стаменов, кој што дава голем допринос. Идат кај него голем број на амбасадори од странство кои што сакат да му помогнат и ние треба како Совет да му дадеме на сите тие невладини организации помош по секој основ ако тие придонесуваат за зголемување не само на материјална вредност, туку и интелектуална кои што влијаат на развојот на свеста кај нашите граѓани.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор за 23-та точка. Тоа е:

Предлог-Одлукатаза давање на времено користење без надомест ствари на „Храна за сите-Банка за храна Македонија -Скопје, за потребите наЗГ „ЕКО –ЖИВОТ„ Кавадарци за реализација на Проектот„НУЛА ГЛАД ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ„;

Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

24. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Росоман;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

25. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година (карневалска група);

Отварам претрес по оваа точка. Едногласно усвоена.

26. Предлог-Одлука за примање донација детски реквизити од ДУПОП „ПАКОМАК„ Скопје;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за.

27. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Комисијата за селекција по спроведеното интервју и изготвената ранг листа до основачот ЈП Совет на Општина Кавадарци доставува предлог на кандидати заради донесување на одлука за именување на член на Надзорен Одбор на ЈП Градски Превоз Кавадарци и тоа е следниот кандидат Татјана Карадакова.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавнотото претпријатие го ставам на гласање. Кој е за. Диме. Пере. Ружица. Даниела. За.

28. Годишен Извештај за животна срединаза 2023 година;

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Минатата седница бев обвинет дека ние сме биле криви за животната средина и состојбата во која се наоѓала животната средина во Општина Кавадарци и затоа сакам да се јавам и да зборувам за оваа точка. Значи вака другари. Во делот на животна средина само оваа година може да ви набројам 4-5 дрвореди кои што ги имате исечено и тоа е начин на кој што локалната власт ја подобрува и влијае позитивно кон животната средина. 7-ми Септември улицата. Исечен дрворед од една страна. Исечен дрворед од друга страна. Нагоре улицата Мито Хаџи Василев, мислам дека беше исечен дрворед и да не ви ги редам и од претходни години низ цело градско подрачје. Од една страна имаме постојано сечење и уништување на урбано зеленило, а друга страна постојано имаме бетонизирање на

Општина Кавадарци и после се чудиме од каде се високите стапки на зафгаденост на воздухот во Општина Кавадарци и затоа некој друг бил крив. Не другари, вие сте криви.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во однос на животната средина за 2023 година сакам да посочам дека Општина Кавадарци активно учествува во унапредување на животната средина, пред се во интерес на на нашите сограѓани. Сакам да ја информирам јавноста, значи пред некој ден бевме со Градоначалникот г-динот Митко Јанчев во колекторот на Калница, каде што се спојува Ваташа, комплетен колектор ќе има до с. Сопот, дури продолжување на колекторот на колекторот над 300 метри надвор од с. Сопот, на барање на жителите од с. Сопот, значи имаме комплетна поврзана колекторска, од Моклиште до с. Сопот. Број 2 во однос на дрворедите и во однос на начинот на функционирење на дрвостојот во Општина Кавадарци, сите дрва што се заменуваат, тие се прават во соодејство со соодветен шумарски инжинер во ЈП Комуналец . Ниедно дрво каде што е отстрането, не е тоа место бетонизирано, односно се заменува со ново. Така да сметам дека Општина Кавадарци активно учествува во Извештајот и активно учествува во подобрување на животната средина за 23-та година. Во однос на вложување во екологијата и самата животна средина се работе на еден долгорочен релативно скап проект, каде што тука комплетно треба да се здружат сите и сметам дека од тоа бенефит ќе имаат најмногу нашите граѓани на Општина Кавадарци. Дали друг бара збор.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Претседателе јас само ќе ве замолам да не работите повеќе на унапредување на животната средина, пошто како сте тргнале ќе ги исечите и оние урбани дрвја кои што се останати во Општина Кавадарци. Затоа ќе ве замолам да не работите више у унапредувањето и на носење на ДУП-ви онакви како што ги носите.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Бидејќи репликата беше лично кон мене ќе морам јас лично да ти одговорам.

Почитуван советник јас не сакам кохезијата со мене да ја сведам на гола политика која што ти сакаш да ја направиш и искрено со твојата реплика јас нема да те почастам да ти одговорам. Тоа си е твое гледиште. Добро е што Претседателот на Советот, Градоначалникот и мнозинството во Советот на Општина Кавадарци работе со граѓаните на Општина Кавадарци. На крај краева ние сме избрани од нив и одговорноста е наша. Јас немам намера да влевам со тебе во полемика за дали е исечен или не е исечен. Јас ти

кажувам дека Општина Кавадарци активно учествува во замена на сите дрвореди.

Точката ја ставам на гласање. Кој е за.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Реплика.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Јас нема да дозволам да функционираме на принцип на политизирање.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не јас убаво те прашав зошто се исечени дрвјата на улица 7-ми Септември.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ќе добиеш писмен одговор.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Одовори ми ти. Зошто се исечени дрвја кои се засадени само пред неколку години. Зошто.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Легитимно прашање. Писмен одговор ќе добиеш од мене.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Очекувам Претседателе.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Пере. За. Диме. За. Ружица. Даниела. Против. Кој е воздржан. 1 воздржан. 5 против.

29. Годишен Извештај за управување со отпад за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

30. Предлог-План и Програма за изменување и дополнување на Планот и Програмата за еднакви можности на Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Веса Богева.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Значи следна точка е Планот и Програмата за изменување и дополнување на Планот и Програмата за родова еднаквост на Општина Кавадарци и кога зборуваме за родова еднаквост, за еднакви можности, мислиме на еднакви можности помеѓу мажите и жените. Јас како член на Комисијата за еднакви можности сакам да истакнам дека со оваа Програма ние сакаме да овозможиме и да ги зајакниме позициите на жените во јавниот и во приватниот сектор. Главни предизвици во постигнувањето на родова еднаквост во Општината се ниското ниво на економската активност на жените, ниското учество на жените во донесување на важни одлуки, како и недостигот на родово разделена статистика во јавните институции. Ова се предизвици на целата територија на нашата држава. Значи овие проблеми се увидени со истражувањето и во другите општини и затоа овие предизвици се дел и од Националната Стратегија за еднакви можности меѓу мажите и

жените. Програмата што е доставена, претходно беше изгласана, сега имаме само некои промени со тоа што имаме некои дополнувања со одредени активности и промена во делот на износот на средства кои што се потребни за реализација на оваа Програма. Значи за мене има едно скромно зголемување од 100 000 на 162 000 денари. Повеќето од активностите ќе бидат спроведени и без финансиски средства, но за некои ни се нормално потребни и финансиски средства за да бидат активно, мислам реализирани квалитетно и да дадат резултати како што посакуваме. Во изготвувањето на Програмата посебно сакам да ја пофалам нашата координаторка, значи Марија Камчева, која што е вработена во Општина Кавадарци и посебно се залагаше во изготвувањето на оваа програма и во организацијата на активностите и спроведувањето на активностите кои се дел од оваа Програма и во подготовка е сега и Стратегија, значи планирани активности во подолг период, 3,4 години така што за истата ќе бидите благовремено информирани сите, дел од сите вработени во Локалната Самоуправа и тука очекуваме посебна подршка во изготвување на квалитетна Стратегија која што ќе даде резултати. Во активностите сакам посебно да истакнам дека поголем дел од овие активности се насочени во делот да овозможиме жената да ја доближиме, да ја запознаеме, да и помогниме , да ја охрабриме, да ги користи сите мерки што ги нудат институциите, дали на локално или на централно ниво, не е важно. Важно за жените да ги охрабриме да започнат сопствен бизнис или веќе доколку имат сопствен бизнис, имат некоја дејност што ја обавуваат да им помогниме да се развиваат, унапредуваат во истата, а кога зборуваме за недостиг на родово разделени статистики, тоа значи дека сите институции треба навремено и редовно да доставуваат податоци во делот на тоа колку жени, а колку мажи се вклучени во одредени активности или програми. Значи секоја програма треба да се знае кога се доставува и кај нас на Совет да ја одобриме, треба точно да се знае во тој дел колку мажи, колку жени се вклучени. Институците треба тоа јавно да го објавуваат или да ги доставуваат тие податоци, се со цел да тие податоци ние како Комисија ги искористиме во натамошна обработка и да видиме во кој дел треба да се насочиме за подобрување на состојбите, нормално и да правиме споредба со претходните состојби за да видиме како се движиме. Значи тука посебен апел до секторите од Локалната Самоуправа, нормално и до раководителите на локалните институции да обезбедат навремени информации во тој дел. И на крајот морам да ги посочам и другите предизвици со кои се соочуваат жените во Општина Кавадарци, но

секако пак ќе повторам тоа е и во другите општини, а тоа се традиционалните родови улоги и стереотипи кои се провлекуваат со векови, интерсекциска дискриминација и отежнат пристап до информации, одредени услуги и висока стапка на насилство врз жените. И на ова поле ќе работиме, во кординација со сите невладини организации, кои се формирани токму за таа цел. Жената да биде заштитена од сите дискриминации и насилства од секаков тип и жената да го добие вистинското место, местото што го заслужува во било кој сегмент во општеството, но дали во тоа ќе успееме зависи од сите нас, значи од нас како Комисија, сите членови што сме на Комисијата за еднакви можности, но нормално и од сите вас советници, колеги, Градоначалник, како и сите вработени во Локалната Самоуправа. Сите треба да се насочиме и да помогниме да оваа Комисија го даде резултатот што го очекуваме.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советничке. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Пере. Диме. Ружица. Даниела. За.

31. Предлог-Одлука за давање согласност за потпишување на Европска Повелба за родова рамноправност на жените и мажите во локалната заедница;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена. Диме. Пере. Даниела. Ружица.За.

32. Годишен План за вработување за 2024година наСОУ Гимназија „Добри Даскалов„ Кавадарци, донесен од директорот на СОУ Гимназија „Добри Даскалов„ Кавадарци ;

Директорке на кратко само може и од место. На кои работни места се бара вработување за 24-та година.

ДИРЕКТОРКА НА СОУ "ДОБРИ ДАСКАЛОВ":Значи План за годишните вработувања се донесува само за вработување на административно технички персонал. Во случајот хигиеничар, кој што регуларно заминува во пензија и местото треба да биде предвидено за 2024 година. Тоа е законска обврска да се направи Годишен план за вработување.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Диме. Пере. Ружица. Даниела. За.

33. Измена на Годишен План за вработување за 2023 година на ООУ „Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци, донесен од директорот на ООУ „Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;

Директорке повелете.

ДИРЕКТОРКА НА ООУ "ТОДЕ ХАЦИ ТЕФОВ": Благодарам. Се работи за иамена и дополнување на Годишниот план за вработување за 23-та бидејќи имавме во месец април смртен случај на 44-годишна хигиеничарка и за да се пополни тоа место ги правиме измените. Тоа е.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Одлично благодарам. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

Сега бидејќи сме во овој контекст да го прашаме и директорот за Годишниот план за вработување за 24-та во Ќиро Спанцов Брко. Повели Директоре на кратко.

ДИРЕКТОР НА СОУ " ЌИРО СПАНЦОВ БРКО ": И кај нас има две хигиеничарки што треба редовно да одат во пензија.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Ви благодарам на диеркторите за одвоеното време.

34. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на единечна цена на билет за општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен Одбор на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Јован Златевски.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Во контекст на оваа точка ќе барам од службите од ЈП за превоз да напарават една анализа и да дадат предлог ако може наредните совети што ќе ги имаме ослободување од плаќање на превоз на сите ученици од основно и средно образование, затоа што има поплаки од граѓаните во делот на пример ослободување има до, мислам се плаќа до 2,5 км оддалеченост од школото до местото на живеење на децата, над 2,5 не се плаќа. Тоа е субвенционирано од МОН. Јас предлагам растојанието од дома до 2,5 км да го субвенционира државата. Имаме пример 2 другарчиња коешто едното е на 2 км и 300 другото е 2 км и 600. Заедно одат на постојката. Едното плаќа, а другото не плаќа. Мислам дека предлогот треба да се размисле и на наредните совети да дискутираме за таква одлука.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Точката ќе ја ставам на гласање со барање на известување За наредната седница. Кој е за. Едногласно усвоена.

35. Извештај за спроведување на постапказа избор на идејно решение за подигањена спомен обележје - архитектонско дело од монтажен тип.

Тоа е на 12-те Другари, на Споменикот. Ве молам дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена. Диме. Пере. За. Ружица. Даниела. За. Едногласно усвоено.

36. .Извештај за спроведување на постапка за избор на идејно решение за подигање на спомен обележје - Подигање на 12 бисти посветени на Ваташките Младинци;

Тоа е 36 точка. Зад нас може да ги забележиме скулптурите кои се како идејно решение предложени за спомениците на 12-те Другари. Имаше Комисија пред една до две недели. Така да начинот на изведба на тие склуптури е во таков правец. Ве молам кој е за гласање за, за усвојување на овој Извештај. Едногласно усвоена. Пере. Диме. Даниела. Ружица. За.

37. Одлука за утврдување на цени (надомест) за дадени услуги на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш –Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци;

Отварам претрес за оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. 37 точка едногласно усвоена. Диме. Пере. Ружица. Даниела. За.

38. Одлука за утврдување на цени (надомест) за дадени услуги на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш -Кавадарци - ДООЕЛ Градска Винотека, донесена од Управен одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш –Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Далие некој бара збор. Едногласно усвоена.

39. Одлука за определување на паркинг места за хуманитарни и еколошки цели, донесена од Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Директоре може ли накратко да ни кажете за кои паркинг места станува збор.

ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ ОРЦО НАСТОВ: Вака сега, тоа е инцијатива заедно со Црвениот Крст, наша инцијатива во координација со Локалната Самоуправа да се издвојат по две паркинг места кои што би оделе средствата собрани од СМС за донирање за хуманитарни цели и за еколошки. За хуманитарни цели се одредени две места тука значи позади Адмирал, кај што се таксињата кои што завршуваат, 6 такси места, 2 места ќе бидат соодветно одбележани

како посебна зона АХ, тоа е А зона, Х тоа е хуманитарно, одбележано со црвена боја, со посебна табла за известување и ќе биде дозволено паркирање само со СМС пораки, значи не е дозволено паркирање со станарски карти, со месечни за да може истоти, тоа е кординирано со операторите да СМС пораките кои ќе се пуштат за тие две паркинг места се евидентираат. Другите две места се пред Музејот, кај Јаворот, тие ќе бидат две посебни места кои ќе имаат и ќе бидат одбележани со зелена боја и за еколошки цели, за еко паркинг ќе бидат предвидени, ќе биде зона ЦЕ, во Ц зона. Исто и тие ќе бидат регулирани со оператори, пораките од тие две места посебно ќе се евидентираат и квартално согласно извештаите за собраните средства, ќе се доставува Извештај до Советот и да се одлучи после кај ќе бидат донирани тие средства, дел собрани за хуманитарни цели, дел за равој за екологијата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред, ви благодарам. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

40. Одлука за враќање на движна ствар на на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

41. Одлука за давање на времено користењена движна ствар на ЈП Паркинг Кавадарци Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара, ја ставам истата на гласање. Едногласно.

42. Годишна сметка на АД ГФК „Тиквеш 1930„ Кавадарци;

Отварам претрес за оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: На Комисија побаравме да ни образложат за во делот на Младинските школи. Дали се наплаќа, колку се наплаќа, дали се плаќа за превоз.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ај ве молам викните го Претставникот. Ајде повели Претседателе. Претседателе советникот Вуко Мелов побара информација околу Младинските школи, околу превоз на млади, дали им се плаќа превоз при фудбалски натпревари и за младинските школи.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: Превоз плаќаме на сите Младински школи што се такмичат во нашата лига,

но кога играат пријателски утакмици родителите сами си ги сносат трошковите.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Така. Само за пријателски.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: Да, да. Превозот го врше ЈП што го формира, Јавен Превоз откога се формира се возиме со него. Лично Клубот си ги плаќа трошковите што се на релацијата, а кога се игра пријателски натпревари, тоа си го сносат родителите, од 200-250 денари од играч.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колку се месечните трошоци и до која категорија на деца што тренираат се наплаќа, мислам си плаќаат за тренинг.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: Сите млади категории до 14 години си плаќаат по 500 денари месечно, но не плаќаат сите, дали се плаќа околу 40%.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Прва работа зошто се наплаќа. Втора работа зошто не плаќаат сите, ако веќе има плаќање.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: Према можностите на родителите плаќаат тие што можат, ама голем значи повеќе од 50% не плаќаат. Тоа е сегден во сите спортови, дали фудбал, дали ракомет, младите категории и родителите сегден во цела Македонија и надвор од тоа се плаќа износ, кој што е многу мал износ, кој што ги покрива основните работи за топки, фудбали, реквизити и опрема, тија дел. Ние наплаќаме најмалку во цела Македонија. 500 денари. Нема град каде што не наплаќа по 20 евра месечно.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Претседателе колкав е процентуално износот од вкупниот буџет на ГФК кој што го вложувате за развој на Младинската школа и на младинските играчи.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: Точно не можам да ти кажам, но на годишно ниво можам да ти кажам дека трошковите изнесуваат околу 20 000 евра.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: За што ги трошите тие финансиски средства.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: Па ги трошиме за опрема, ги трошиме за превоз.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Нели го покриват со овој дел, со чланарина.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: Не. Ви кажав дека над 50% не се плаќа и не му бараме.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: А колку е вкупно буџетот. Околу 400 000 евра така. Значи околу 5% инвестирате во Младинските школи.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: Тоа е трошковите што ги плаќаме.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колку инвестирате ве прашувам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: Па инвестираме сигурно над 70 000, 60-70 000 евра.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: За што.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: Па во се. Па сега г-дине Мелов да ти објаснам во што. Јас откога сум дојден тука 2 години младите категории ги пратив на Меѓународен Турнир. Првата година беше пред короната во Англија. Тие средства лично јас и моето раководство ги обезбедивме преку наши пријатели, донатори, фирми, бизнис сектор. Сакам да ти кажам .

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Од буџетот колкав дел средства има што ги насочувате за развој на младинските школи, зарди тоа што играч се прави, а не се раѓа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: Кој вика дека не се раѓа играч. Ние моментално во првата екипа да ти кажам дека имаме 5 играчи по 16 години, од кои 3 играа моментално 30-40 минути во првата екипа, во Прва лига и моментално имаме двајца репрезентативци до 16 години кои што се влезени во 17-та генерација за репрезентативци. Едниот е моментално Невен Костадинов кој што замина во Црна Гора сега, на другиот името и презимето не му го знам, не моажам да го кажам, али младо дете и имаме уште тројца кои се исто перспектива и верувам дека од наредната година и тие ќе бидат во Фудбаласката репрезентација на Македонија.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги само на кратко. Ова што Масларков го рече дека 50%, 60% од членарината не се наплаќа ми направи задоволство, пошто кај нас во каратето бонтонот е еднаш месечно викаш дечки кој не ја платил членарината да ја плати, вторпат нема да му речиш не си платил, не смееш јавно на дете да му речиш не си платил. Ако го практикуваме тоа, нема да имаме многу пари, ама бонтонот на нашиот спорт е таков. Еднаш месечно викаш Дечки треба да платите членарина, ако не плати, втор пат или по име не смееш да речиш овој не платил, го вреѓаш, може нема, може било што да е.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: Абе не се во можност сите да плаќат и затоа не практикуваме, кој може да плате плаќа кај нас.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Ако му речиш не си платил го бркаш од спортот, а нашата намера и цел е да ги туркаме во спортот, а буџетот дава пари. Дали ќе даде 10 000 000, 11.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: И во развој на тие млади категории имаме 9 тренери кои што зимаат по 15 000 денари плата.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ако е веќе воведена ситуација да не се наплаќа за сите и ако веќе тимот има финансиски средства зошто не ги ослободите сите.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: Нема тимот финансиски средства, нема. Да има ние нема да наплаќаме.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Зошто да не се ослободат сите.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: Ќе ги ослободиме.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Една работа. Втора работа што сакам да ја споменам ги спомна тренерите. Значи јас не се слагам со тебе дека играч се раѓа. Се раѓа со одредени предиспозиции, меѓутоа од талент до квалитетен играч, тоа е многу долг пат. Си се занимавал со спорт, си бил еден врвен ракометар на Македонија и знаеш дека играч не се раѓа. Се раѓа со физички предиспозиции. Со работа се прави, меѓутоа битна работа што ние како Фудбалски клуб инвестираме во тие деца, дали тренери праќаме на дообуки, на семинари да учат соодветни начини на тренирање на тие млади категории, бидејќи ќе се сложиме дека во тој дел таа наука од аспект на спортот во Запад е многу подалеку отидена од Македонија и затоа сите деца кои што одат настрана уште млади имат успех и прават да кажам светски кариери. Оние коишто остануваат тука малце, не малце, многу повеќе им оди тешко таа работа. Идејата ми е да се посвете многу поголемо внимание на младинските школи и да се инвестира на таков начин во младинските школи и екипи и со нутриционист и со кондициони тренери и со тренери кои што индивидуално можат да ги спремат, се со цел овие финансиски средства кои што ги даваме, имате момент каде што фудбалот заради да кажам тоа што Тиквеш играе во прва лига, станува популарен спорт и доста луѓе доаѓаат да гледат на трибините и ќе биде сигурно интересот за децата да се запишуваат и да тренираат фудбал поголем. Да не го испуштите моментот и да во одредени можеби некогаш се надевам дека не, во некои лоши времиња кога нема да имаме овакви финансиски средства да оставиме нешто што се нарекува квалитет и нешто што се нарекува спортска инфраструктура. Ме разбираш.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Не го оставивме човекот да се доискаже, он имаше кога спомна за Англија дека се однесени, очекував да продолже во излагањето каде се плус однесени младинците. Повели Претседателе каде се однесени.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: И второто меѓународно искуство го доживеавме прошлата година, во Луксембург. Дечките и во Луксембург и во Англија се претставија во многу добро светло, каде што од 32 екипи, европски екипи, на двата натпревара бевме 8-мо и 9-то место. Тоа е голем успех и голем напредок на фудбалот во Кавадарци. За тоа вие што го барате, сега што ми потенцирате нутриционисти, тоа кошта многу пари. Ние не сме во состојба. Тоа е прав професионализам. За тоа сето да се обезбеде најмалку ќе требат околу 200 000 евра за младинските категории. Јас знам како треба.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Прво за поздравување е што Фудбалскиот Клуб Тиквеш што достигна многу. Беше заборавен. Фудбалот во Кавадарци беше заборавен. Во овие 4 години, 5 не ме држите за збор, не одам да гледам фудбал, ама фудбалот многу напредна и Тиквеш влезе во прва лига. За нас е тоа многу голем успех. За тоа јас се слагам со колегата што го кажа Вуко Мелов дека треба, навистина треба, сите треба да работиме, ама колку што Општина Кавадарци издвојува за фудбалскиот клуб не верувам дека некоја друга општина, а треба да се потрудиме и сите да не гледаме партиска припадност, државата што треба да направи за младите и за младинските клубови. Не само Општината, Општината верувам и натаки ќе работиме и сите ќе се залагаме за младите да ги внесиме што повеќе во спортот, ама треба и државата како институции на државата што ги имаме да уложат многу во младинските школи.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: Тоа треба Агенцијата за млади и спорт да улага.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Да посебно Агенцијата. Знам дека и таму имаше многу нерегуларности, кој колку пари фудбалски клуб. Не треба да работиме по партиска основа. Во спортот политика нема.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: Ние пак работиме. Ние еве набавуваме реквизити, набавуваме спортски опреми. Сето тоа преку донации ги обезбедуваме и на годишно ниво, најмалку 10 000 евра. Тоа не се мали пари за да ги најдиш. Во ова тешко време многу тешко се наоѓа. Нема обеќаат, а не исполнуваат.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Би го прашал претставникот од ФК Тиквеш колкаво му е учеството на ВВ Тиквеш во финансирањето на ФК Тиквеш.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: Нула.
СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Колкав е износот на ваучери што ги добивате и трето прашање на годишно ниво мислам се зима, минатата година ако можиш да ми кажиш и оваа година и трето Како се амбициите за да испадне нашиот ФК во Европа и што треба вие да направите и ние како Општина за клубот да го видиме како на некои натпревари.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: Меѓународни натпревари сакате да кажете. За ВВ досега не сме добиле ниеден денар. Баравме повеќе пати, бевме одбиени. За ваучерот ФК Тиквеш моментално зима меѓу помалите ваучери према што е фудбалот, ракометот и кошарката.Прошлата година имавме 2 400 000 . Оваа година имаме 5 400 000. За фудбалот тоа се многу мали пари спрема другите спортови што ги правиме, спрема ракометот и кошарката, бидејќи ракометот зима 8 000 000, кошарката 9 . Ние сме напола. Тоа е од државата. За да ФК Тиквеш оваа година имавме голема можност за да излезиме во Европа, бевме 4-ти на полусезоната, но за да излезиме ние во Европа ни требаше дополнителни средства за да се надградиме со 2-3 играчи. Тоа го презентирав кај Градоначалникот, седнавме, разговаравме, но не бевме во можност да ги обезбедиме тие средства и продолживме со истата екипа. Капацитетот на оваа екипа, ние што го имаме буџетот спрема Првата Македонска Фудбалска Лига ние сме 4 одоздола према буџет на клубовите. Одоздола. Имаме околу 450 000 евра на годишно ниво. Една Академија Пандев која е сега моментално под нас има 900 000 евра, еден Шкупи 2 000 000, една Шкендија 2,5 000 000, една Струга 1 800 000. Да ви набројам друг не знам. Сега во моментот не ми текнува. Под нас се само Скопје со 400 и Победа не знам дали има исто, затоа е и последна.
СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Потпрашање само ќе извиниш.
Дали не се осеќаш ти како врвен спортист што си Кавадарци пораснат, дали не ти е криво кога ќе видиш некоја скопска екипа го носе аблемот, знакот на ВВ Тиквеш напред на дресовите, а ние го носиме името на нашиот ФК Тиквеш.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГФК ТИКВЕШ 1930 МИЛЕ МАСЛАРКОВ: Значи јас ви кажав, ние доставивме понуда, барање, бевме, разговаравме, беше и Градоначалникот, имавме пред прошлата година мала нада дека ќе помогната околу 30, 40 000 евра на годишно ниво, но после тоа со лозарите таму што имаше утредента се ни одбија.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Само на кратко. Претседателе во неколку наврати имам остварено контакти, средба

и со вас и со Градоначалникот г-динот Митко Јанчев. Тоа што можам да го сублимирам како мое гледиште е дека кога ќе треба да се организира систем на функционирање финансиски, давање на плати, на премии кон играчите, ѓаволски тешка работа на ваков буџет да се направе место на табелата како што го имаме. Јас сметам како Совет, како што кажа и советничката Весна заедно со централната власт и Општина Кавадарци и беспрекорното залагање на Градоначалникот со бизнис секторот, без негово залагање и без залагање на Претседателот на Клубот Тиквеш, ќе немаше сигурно да го има ова место на табелата како што го има сега. Така да според мене како Совет, како граѓани и жители на Општина Кавадарци, тоа што треба да не прави посебно горди се полните трибини, желбата за успех и желбата и големата благодарност за менаџирањето пред се од тие 3 структури Совет, Општина, Претседател на ФК и бизнис заедницата. Посебно бизнис заедницата не смее да се заобиколе, бидејќи без нив и без нивната подршка, апсолутно Тиквеш не може да издрже. Да бидиме реални и да бидиме свесни за тоа.Претседателе да ти се заблагодарам. Ти благодарам што не удостои со вашето присуство.

Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Диме. Пере. Ружица. Даниела. За.

43. Годишна сметка на АД ГРК „Тиквеш „ Кавадарци;

Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Диме. Пере. Ружица. Даниела. За.

44. Предлог-Одлука за примање на донација – метална одбојна ограда и столови за поставување на еластична ограда од Јавно претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија.

Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена. Диме. Пере. Ружица. Даниела. За.

45. Предлог-Одлука за примање на донација – техничка документација за ДУП УЕ Лазо Асијата од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Диме. Пере. Ружица. Даниела. За.

46.Предлог-Решение за разрешување на член во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин“ Кавадарци.

Повели Весна.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: До Комисијата за мандатни прашања на Советот на Општина Кавадарци беше поднесена изјава од страна на член на Надзорниот одбор на ЈП Јасмин од членот Јасмина Тасевска, бидејќи поради нејно заминување во странство истата изјавува и се окажува од нејзината функција член на Надзорниот Одбор. Не назначуваме друг член на Надзорниот Одбор поради измени во законот и во сегашните измени од законот членовите на Надзорниот одбор треба да бидат тројца и затоа останува мандатот на членновите на Надзорниот Одбор со сегашниот состав.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. Пере. Ружица. Даниела. За.

47.Предлог-Одлуказа одредување на приоритетен проект "Изработка на основен проект за изградба на спортско рекреативен обејкт во склоп на спортско рекреативен центар "Јасмин" - Кавадарци"

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Ве молам за гласање. Едногласно усвоена. Ружица. Пере. Диме.Даниела. За.

48.Годишен План за вработување за 2024година на СОУ „Киро Спанџов Брко„ Кавадарци, донесен од директорот на на СОУ „Киро Спанџов Брко„ Кавадарци,Кавадарци.

Ова за Ќиро Спанџов Брко го изгласавме.

49. Предлог-Одлука за одобрување за спроведување на постапка и склучување на договор за лизинг со арх.бр.02-643/4, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ на седница одржана на ден 25.04.2023 година.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Директоре дали може накратко да ни образложиш околу оваа 49-та точка. Може и од место повели.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ОРДАНЧО КЛИНЧАРОВ: Тие средства сакаме да ги дообезбедиме затоа што кажааме дека ДДВ-то кое што се враќа не ни беше фактурирано во претходните пресметки и сега пошто се зголемува веќе буџетот, го ставивме и брендирањето да биде од нивна страна, да биде се на едно место, иначе ќе направиме една надоградба,надоградбата се состое во тоа што што кога ќе се вградат други пумпи и казан за хидроулично уље за да може истото возило да може да ги подига и поземните контејнери.. Веќе во случај тоа го немаме нели на било кое возило го нема, сега сакаме да го имаме, да ни биде нели функционално низ целиот град, каде ќе биде пратено да може

да ги дига и подземните контејнери и да биде како посебен елемент да не може да штете на мотор, на механика, на хидраулика, на сето тоа што го содрже самата...

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам директоре. Дали некој бара збор.Повели Горан Кузманов.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитувани колеги советници, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Значи ова одлука се носе се со цел докомплетирање на возниот парк и подобри услуги на граѓаните. Значи со оваа лизинг мерка, односно земање на возила се набавуваат нови две губрарки, односно возила за износ на смет, едно комбинирано возило за потребите нели на работните служби на Водовод и канализација и едно патничко возило за потребите на сите граѓани. Со ова ја подобруваме услугата на граѓаните. Овде јас сакам да се надоврзам, направив одредена анализа за моменталната состојба и зошто ЈКП вложува во подобрување на условите на сите граѓани, а сметките на граѓаните се на најниско ниво во споредба со градиштата што се на исто економско ниво или слично и со број на жители. Направив една анализа споредбено со Кавадарци Прилеп, Струмица, Кочани и Штип, каде земавме просек потрошувачка од граѓаните од 15м3 вода, каде моментално граѓаните на Кавадарци трошат 329 денари за 15м3 вода, Прилеп 409 денари, Струмица 468 денари, Кочани 687 денари и Штип 520 денари. Во делот на канализацијата за физички лица Кавадарчани трошат 102 денари, Прилепчани 170 денари, Струмица 162 денари, Кочани 199 денари и Штип 194 денари. Значи во споредба на овие споредбени градови со слична големина и економска развиеност Кавадарци само во делот на канализациите има сметки помали за 300 денари. Во делот за ѓубрето, односно покриен простор, земавме просечна квадратура од 80м2 станови затворен простор. Значи во Кавадарци граѓаните плаќаат за тоа 160 денари, во Прилеп 240 денари, во Струмица 280 денари и во Кочани 160 денари или споредено за вода и канализација и покриен простор ѓубре во Кавадарци жителите, иако добиваат многу подобри услови, без ден каде што нема прекинато водоснабдување, односно само во деновите кога имаме реконструкции. Значи имат за 400, 500 денари помали сметки. Ова се со цел мое обраќање го истакнувам бидејќи деновите видов на некои портали каде што сакаат да истакнат дека ЈП Комуналец има високи сметки, има големи сметки. Значи а водата која е најнеопходна во овие 5 споредбени околни градови е পониска, односно граѓаните на

Кавадарци плаќат за 400, 500 денари помала сметка. Значи во денешно време за Интернет, за кабловски, за незнам какви работи нема да биде проблем да плаќат по 2, 3000 денари, а во овој дел сметката само по овие 2,3 основи е за 500 денари споредбено помалку од другите градишта. Воа ако сакате да го потврдите можете, нели сите имаме колеги од факултет ли, пријател ли, другар ли, доколку се надевам дека сите имате, можете да ги споредите тие работи и да видите дека тоа е точно.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Мислев дека ќе реагирате поради тоа што точка на дневен ред тука пишува лизинг. Тука е лизинг, зборува за цени, за сметки. Колега не знам какви споредби си правел, меѓутоа тоа што си го гледал, сум го гледал и јас и гледам граѓаните сами објавуваат сметки по 2,3,4 негде и 5000 денара и мислењето на граѓаните во однос на оваа работа не е баш такво како што ти сакаш да ни го претставиш. Види ги сметките. Можно ли е една фамилија да плаќа иста сметка за вода и за електрична енергија. Мене тоа не ми е логично. Ме разбираш. Друга работа колега. Ако сакаш да правиш споредби, можиш да си направиш споредба колку се зголемени сите оние ставки, таксативно кои што ги наброа и во делот на ѓубрарнина, дека е зголемена од 1,1 на 2 денара, која што е највисока стапка. 2018 година цена на вода беше 14 денара, сега 22 денара. Спореди колкаво е зголемувањето. Спореди колкави се другите ставки за зеленило, сите ставки кои што ги има сметката на ЈП Комуналец и ќе видиш дека најголем дел, односно оние најкрупнитесе за двојно зголемени, некои повеќе во последните 4,5 години. Сега да не се лажиме тука. Да не се лажиме. Не е можно сметка за струја и за вода да биде ист износ. Кај го има тоа. И било добро. Добро е. Супер.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика. Повели.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Вака колега. Значи овие цените се правени врз точни анализи. Значи споредбено. Значи да некои сметки ги покажуваа одредени портали, но вие мора да видете ставките таму. Значи некој имаше објавено ставка камата, кај што ја покажува камата 600 денари, некој имаше вода потрошено. Водата е многу културно да се смета. Значи се затвара вентилот. Значи ако троше, тогаш се фактурира. Ако нема потрошување не се фактурира. Значи цените од овие градишта, еве еден град е само кај што е ваш Градоначалник. Значи од сите цени се пониски и плаќаме за 500 денара пониска цена. Значи не знам јас кои споредби ги викате. Значи некој потрошил повеќе. Некој

потрошил 5000, ама има луѓе што имаат 200 денари. Земавме просек. Просечно според градиштата околни значи плаќаме најниски сметки и за вода и за ѓубрарнина. Второ оваа година со закон се изработува Бизнис план за наредните 3 години. Значи во тој Бизнис план влегуваат значи инфлацијата, моменталните трошоци, нафти, зголемување. Значи за наредните 3 години Регулаторна Комисија ќе ни донесе нови цени, наредните 3 години. Значи кој е крив за нафтата, државата или Општината. Кој е крив за инфлацијата од 20% . Знаеме колку има во околните држави. По 10%. Тие фактори влијаат во Бизнис планот. Значи државата влијае во планот кај што цените Регулаторна Комисија сигурно може да ни донесе поголеми цени од овие, иако ние не сакаме. Сакаме да се задржиме на постоечките, ако имаме најниски цени во околните градишта.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колега таксативно како што ги набројуваш, пак направи си споредба, пошто претходните години немало инфлација, претходните години немало воен конфликт и немало инфлација, немало зголемување на цена на гориво, која што сега еве е намалена така. Немало, што други работи трошите вие што ви влијаат, веројатно градежни материјали, претпоставувам. Друга ми е поентата. Споредете си ги цените какви биле 2017 и какви се денеска. Тоа беше клучната поента. Заради тоа е таквиот нагол раст на износите на сметките за комунални услуги. Затоа се на 2,3 пати зголемени. Споредете го тоа и видете го. Во однос на Регулаторна Комисија, не е точно дека само врз база на инфлација и на такви работи, туку врз база на оперативните трошоци, на материјали, на она што претставува најнеопходен дел, значи Регулаторна Комисија, има тука влијание и ЈП Комуналец во однос на тоа како се грижи и функционира со сопствените финансиски средства. Ме разбираш. Врз основа на оперативните трошоци, они ви утврдуват цена вам, која што треба да ви овозможе да тоа ЈП нормално функционира и опстојува, а не врз база на некој друг момент. Значи врз база на оперативните трошоци. Така ли е директоре. Врз база на оперативните трошоци на самото ЈП. Врз база на тие трошоци. Врз база на оперативни трошоци, имам контактирано лица вработени во Регулаторна Комисија. Значи ми

потврди дека врз база на оперативните трошоци Регулаторна Комисија поставува цена. Така е. 100%.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Ајде реплика. Колега дискутираме, нема потреба од нервоза, од такви работи да повикуваш, па да ми се мешаш. Јас гледаш мирно си седам. Значи реалноста е таа Кавадарци во делот на водоснабдувањето, канализација, ѓубре и ЈП е едно од најдобрите претпријатија во Р. Македонија. Да. Во делот јас не реков само тие, да оперативните трошоци, во оперативните трошоци е и платата, и плата и други работи, значи каде што одредени скали на плата, нели вие влијаете, ја зголемувате, минимална плата, сето тоа така ли. Значи тоа. А до кога вие ќе се вадите, сите услуги на државно ниво, од Катастар до се зголемени и крива е војната, крива е. Абе сегде војната е крива, ама сите држави се на колку повисоко ниво, од Србија да ги земеш, Бугарија, сите земји, дали се во Европска Унија или не, се се вадите со војна, со ова, со она. Значи најкатастрофална економија во моментов во државата. Да не избегувам од темата. Значи се се повикувате, се правдате, а гледаме како ја водите државата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Господа точката ја ставам на гласање. Кој е за. Ајде кој е за, ве молам. 9. Диме. Пере. За. Ружица. Даниела. Против. 5 против, 1 воздржан.

Почитувани одиме на точката предложена од советникот Јован Златевски. Тоа е Одлука за изменување и дополнување на одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во село Бохула,. Чемерско, Крњево, Горна Бошава , Долна Бошава, Бојанчиште, Конопиште, Куманичево, Страгово, Мрежичко и Мушов Гроб. Со тоа што кога оваа точка ја стававме на дневен ред, освен Одлуката за физички лица за собирање и транспортирање на комунален отпад бевме договорени да биде ставено и за правни лица, меѓутоа врз основа на број на приход на годишна основа да се изготве цифра, колку има годишен приход и да каже. Повели како предлагач на самата одлука да објасни Советниче .

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Добро е што имаше различни мислења во врска со оваа одлука и добро е што има предлог и некои правни лица, оти треба да се разгледат и некои мали

стопанства и за да не лутаме по вредности, јас предлагам покрај физичките лица да бидат ослободени и правни лица, според приходот годишен остварен до 3 000 000. Зошто викам до 3 000 000. Затоа што до 2 000 000 е некоја мерка што е предложена од Владата за регистрирани и нерегистрирани ДДВ обврзници. Над 2 000 000 е задолжително регистрирање, а до 3 000 000 се оние кои што се ослободени, 3 000 000 годишен приход, оние кои што се ослободени од плаќање на данокот од добивка.По никој основ не плаќаат тие. Дајте да одиме до 3 000 000 годишен приход на тие фирми. Тука би спаѓале сите самостојни вршители на дејност и правни друштва со ограничена одговорност кои што имат промет до 3 000 000. Мислам дека е чесно. Ако одиме според бројот на вработените и ако имаме во предвид дека минималната плата е околу 20 000 денара, бруто платата е околу 32 000 денари, тоа испаѓа некаде до 3 000 000 би ги опфанале сите тие што имат околу 7,4 , од 7-8 вработени и мислам дека е доволно да се оде. Сите што имат над тоа. 10 вработени е веќе минималната плата кога ќе се помине мора да биде над 4. Бројката може и да не ја ставаме на вработените, до 3 000 000. Само годишен обрт . Бројката да не ја ставаме.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитувани колеги значи Одлуката нели предлогот каде се ослободуваат селата од Бошавијата, во консултација сонашата советничка група од ВМРО и заедно со Јован Златевски него му припадна честа да ја предложи и заеднички ја подржуваме. Значи во тија дел заедничите лица се согласуваме. Во делот на категоризацијата за кои правни лица јас имам друго мислење, бидејќи Законот за трговски друштва ни налага нешто друго, а не Законот за ДДВ каде што ги дели категоризациите, нешто спомна колегата кај микро, мали, средни и големи претпријатаија таму е законски регулирано кои претпријатија, а во делот со ДДВ не можиме да го мешаме тоа. Значи микро претпријатија до 10 вработени и бруто приход до 50 000 евра денарска противвредност. Значи да ги земиме во микро и бидејќи законот ги регулира претпријатијата, не може да ги мешаме другите закони, значи да ги земиме тие што се микро, бидејќи има и мали претпријатија кадешто има годишен приход од 2 000 000 вредност просечна вредност и до 50

вработени. Тие се веќе нели покрупни од микро претпријатијата. Мој предлог е да бидат тие микро претпријатија.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани точката ја ставам на гласање. Значи уште еднаш да ја дефинираме. Предлог Одлука за изменување и дополнување на одлуката за висината на собирање и транспортирање на комунален отпад во село Бохула,. Чемерско, Крњево, Горна Бошава , Долна Бошава, Бојанчиште, Конопиште, Куманичево, Страгово, Мушов Гроб и Мрежичко за сите физички лица и правни лица со обрт од 3 000 000 денари и 10 вработени ја ставам на гласање. Кој е за.Диме. Пере. Ружица. Даниела. За. Едногласно. Против 1.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Ова што го кажа Јован е ок, до 10 вработени овака или онака. Има негде во некоја фирма и еден вработен каде што праве обрт на пари,....Проблемот тукае друг. Таа проблематика јас ја познавам. Обртот на пари не му го гледам, земал 100 000 евра ќар, а зијанот е 99. Ако има добивка или по број на вработени и по добивка. Сточарството, храната, риба, говедо, овца не праве ќар. Праве многу трошок и мала разлика меѓу чар и трошок. Не секогаш. Колеги респект према Комуналец, советниците и према народот и не даваме услуга, наплаќаме и немаме интерес да ги земиме водоводите локални, имаме интерес да ги прогласиме нечисти води, луѓето нека пијат вода купена. Да го зборам тоа не е добро на говорница и сега нас ни е проблем како Општина. Комуналец е фирма на Општината дали од некој што се бори горе ние треба да ги морализираме тие да работат. Ако он има 100 крави и праве ќар 1000 евра, а има промет 100 000 евра ќар, ама зијан 101 000 евро и сега тој имал промет од 100 000 евра. Тие се малку на број . Знам јас што значи да се пасе стока горе и да произведуваш земјоделска храна во рурален дел, кај што има и лошо земјиште и во зимо и лето и нема инфраструктура и кај што треба вода да купиш од Кавадарци да пиеш ради тоа што Општината рекла овие селски водоводи се неисправни, не е водата за пиење. Тоа е најлесно. Одиме, ни дават анализа ова вода не е за пиење. Па јас овде 20 години барам сите локални водоводи што Општината ги финансирала, ги направила и вика јас го дадов на Месна Заедница. На која Месна Заедница си го дал водоводот во Рожден од 50 000 евра или 100 000 евра. На

Претседателот на Месна Заедница ти му даде водовод. Како му даде водовод. На ти го, земи го на збор и одржавај го, јас го финансирав и ако се затрууеш од водоводот ја не одговарам. Има по селата Месни заедници Претседателе и што умно тоа го наплаќаат и приклучок продаваат плацови не можам да ги именувам. Тоа не моја работа. Али знам и сега. Колеги точно е нема да се лажеме. У село каде што водоводот Општината го финансирала, дала пари, треба некој да го стопанисува. Кој е надлежен за таа работа. Комуналец. Не ни се исплаќа водовод да одржаваме во Рожден. Директоре едеен хлор, само едно хлорирање ако не ви се одржава. Ние не бараме богзнае што. Таков е случајот со селата. И сега ние во Мрежичко, нека го Мрежичко, ај нека биде Рожден немаме водовод и на луѓето им наплаќаме за исфрлање на ѓубре и викаме зелена површина, ради тоа што вадиш зелена површина, а нема вода. Е може од река да носи на рамо и ќе му наплаќаме зелена површина и му носиме одлука ѓубрето го рачунаме по зелената површина. Која зелена површина. Која вода му ја даваш, па да му наплаќаш. Колеги да си збориме реално. И сега ние водиме инат за две фирми кои што по 50 крави водат горе, пасат во планината, не се ни во село. Било проблем, имало обрт, 10 вработени. Кои 10 вработени. 5 луѓе во фамилијата работат по 24 саати. Тоа се некаде околу моите работници и тие нема да платат, едниот е на платен список, другите чекаат да им даде пари. Толку дава земјоделието и стоката пари. Мажот ги пасе кравите 24 саата, 365 дена во годината, жената дома и викаме ние тој има двајца вработени. Да на книга двајца вработени, истите пари ги врти во круг и од прометот му останува во годината 1000 евра пари. И тоа е проблем сега во Комуналец. Место на тие таму да им дадиме субвенции, да ги морализираме, да му дадиме инфраструктура ние дојдовме до тие пари .Директоре Комуналец е успешна фирма и ми е ќеиф. Комуналец јас го познавам добро. Секоја година има добивка и мене ми е мило. Фирма каде што сум Локална Самоуправа, 20 години у континуитет расте, секоја година гледаме финансиски извештај супер. Сега имаме пари и од струја и тоа е добро. Ама сакам да видам и покачување на плати и сакаме да видиме и дека нема да бидиме регорозни према другите, оние што не можат да платат и оние што не им вршиме услуга сакаме да

платат и им наплаќаме. Не правиме услуга изнесување на смет, немаме водовод, ама мериме зелена површина заради тоа што таму многу врне и он има многу голема зелена површина и му мериме и му викаме Ти си 2000 денара, овој е 5. Кој така ти рече. Имаше Комисија, дојде таму од Општина, го виде на око и пресече. Колеги не бива таа. Не се пари. Интересот е руралниот дел да го дигниме, да дадиме субвенции, да му организираме. Ние даваме субвенциии за други работи и тоа е за поздравување. Сега се фаќаме за најлошата работа. Општина Конопиште гравитира и е најголема во цела Македонија по површина. Ние направивме да има, па да ви кажам во сите села има по 5 луѓе стари. Не може да дојде овде во град да купи нешто, уште и ѓубре да му изнесуваш. Кога има изнесувано ѓубре. Јас не сум видел кај мене во село некој да ми носе ѓубре. Јас сум ја ископал депонијата, го собирам ѓубрето и го носам во депонија. Не дошол никој да ми дигне ѓубре. За мене да, си плаќам и е нормално да плаќам. Јас можам да платам. Има луѓе што не можат да платат. Има луѓе што зимат социјална помош, нема пари леб да купе, ти му испраќаш фактура за ѓубре. Ако земиме конкретно едно село Мрежичко, што јас сум секогаш таму, имаме гласачи 20. Мојата фамилија се 15. Тие идат само за викенд и уште 5 стари луѓе од дома што не можат да излезат и некна во селото доаѓаат луѓе, иселени во Кавадарци, во Дисан и викат викат ни дојде фактура за ѓубре. Викам имаш ли куќа. Вика само еден зид седе од куќата, али на имотен лист пред 100 години дедо му, татко му, он не ни знае дека има куќа, дедо му ја оставил, тој се родил во Кавадарци, па од татко му и допрел до него фактура за ѓубре. Ниту куќа знае, ниту ништо, ама еден зид имало и му дошла фактура, мора да плаќа, ако не ќе те блокира. Тука треба да сме транспарентни. Ако се 5 луѓе, на тие 5-те треба да му се наплате, не на тие што се ѕидишта, урнати куќи. Има викендици што и да не му речиш самиот ќе плате, ќе се пријаве тој што има викендица, што е моќен вика и јас да платам ѓубре и јас да платам струја. Тоа е ок. Ако се фатиме за оние што пасат крави, кози, овци, што гледа риби или било која друга храна, храната се субвенционира, е тука има, ќе му наплаќаме. Имал обрт, големо чудо дека имал обрт, кога зијанот е поголем од ќарот. Малку е тоа. Многу малку е тоа каде што треба директоре да бидеш

центламен да ги прифатиш и водоводите, дај боже да имаш уште еден мандат, да ги примиш сите водоводи и да ги регулираш за мене е добро. Ако се кусо пари Општината нека даде на Комуналец пари. Комуналец е со добивка секоја година и секогаш секоја година барам по еднаш барам да се земат сите селски водоводи, а на Комуналец е да ги стопанисува затоа што луѓето таму пијат вода од тие селски водоводи, што Општината ги гради и ако се отруе не дај боже имотот е на Општината, на Општината е водоводот. Тоа што Општината не му дала на Комуналец, му го дала на Претседателот на МЗ одговорноста не можеме да ја избегниме како Општина, како Градоначалник, како советници, морална одговорност не може да избегниме друга секаква може. Морала не може инаку ние знаеме и тоа да го средиме. Кабаетот ќе го фрлиме на некој друг, ќе го средиме ама морална одговорност не можеме да избегниме . Тој водовод немаме есап, не сакам, не го зимам. Мора да го земиш. Како ги зимаш Централите за струја, а ова нејќеш. Зошто. Па тоа со воа е заедно. Директоре ти само си извршител како што е Градоначалникот. Немаш вина грам. Што и да се стори Советот ми даде таква одлука, гласаше , ти си чист. Градоначалникот исто така. Советот донесе одлука. Само сте ставени во подредена улога. Оваму Социјалистичка партија, со помалиот партнер овде, овдеСДСМ и притисок се ствара по партиски штабови гласај тоа и гласа.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ОРДАНЧО КЛИНЧАРОВ: Прво една работа да расчистиме тука сите. ЈП Комуналец не може да стопанисува со сите води. За да стопанисува со некоја вода треба да има дозвола од Министерството за животна средина. На основа на таа дозвола он може да стопанисува со која што ќе гарантира исправност на вода. Штом ние немаме нели дозвола од Министерството за животна средина, значи ние не можиме да стопанисуваме и тука завршува.Друга работа за зеленило што спомна, за зеленило плаќаме 0,1 % Ако дворна површина е максимум, имаме 160 м2наплаќаме така, максимумот е 80 денара 0,1% од 80 е 8 денара. Значи плаќаш 8 денара за зеленило кое што зеленило треба да го одржава ЈП Комуналец во градот. И нас тие 8 денара не не покриват. Знаеш и ти сам дека не не покриваат. Еден камион да помине, еден трактор да помине од

некое лозје патот е веќе направен со кал така е и ние мораме 3 пати со цистерната да поминиме. Што ќе покриеш ти со твоите 8 денара за една цистерна да помине, да потроше 7 кубика, 8 кубика, 10 кубика вода. Дај да ги расчистиме тие работи . Мислам реалното го зборувам.

Нема реплика тука. Одиме на последната точка, инцијативата на советникот. Повели.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Колеги инцијативата ја знаете. Да се задолжи Општинскиот Совет за Безбедност во сообраќајот да изготви мислење за измена на сообраќајниот режим за Ленинова, Браќа Миладиновци, Тиквешко Востание, Страшо Пинџур, Гоце Делчев, 4-ти Јули, Мирче Ацев, Димката Ангелов Габерот и да ги мапираат останатите улици кои се со тесни грла. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за заклучокот на инцијативата. Ајде. Кој е за. Едногласно усвоена.

Со тоа почитувани советници е затворена денешната седница.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов